Република Северна Македонија

Министерство за
јавна администрација

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2024 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## 2023-2030

СТРАТЕГИЈА
ЗА РЕФОРМА НА
ЈАВНАТА
АДМИНИСТРАЦИЈА
2023 – 2030

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2024 ГОДИНА
# ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2023-2030

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ... **3**

**РЕЗИМЕ** ... **5**

**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ** ... **9**

**ВОВЕД** ... **10**

**1. КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА** ... **11**

**1.1 Посебна цел:** Воспоставен конзистентен и функционален систем за планирање, креирање политики и донесување закони ... 13

**1.2 Посебна цел:** Зголемена транспарентност, инклузивност и партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони ... 16

**2. ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** ... **17**

**2.1 Посебна цел:** Деполитизација на администрацијата преку зајакната примена на начелата на заслуги, еднакви можности и соодветна и правична застапеност и професионализација на високите раководни позиции ... 18

**2.2 Посебна цел:** Професионална јавна администрација (развој на професија – административен службеник) ... 18

**2.3 Посебна цел:** Обезбедување квалитет и стручност на јавната администрација ... 19

**2.4 Посебна цел 4:** Воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавната служба ... 19

**3. ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ... **20**

**3.1 Посебна цел:** Кохерентна и оптимизирана државната управа ... 22

**3.2 Посебна цел:** Подобрена ефикасност на управните постапки ... 23

**3.3 Посебна цел:** Зајакнат интегритет на институциите ... 23

**3.4 Посебна цел:** Зајакната транспарентност на институциите на државно и локално ниво ... 25

**3.5 Посебна цел:** Создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор ... 26

**4. ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА** ... **27**

**4.1 Посебна цел:** Дигитална средина за подобро работење на администрацијата ... 29

**4.2 Посебна цел:** Зголемен квалитет и достапност до услугите ... 31

**КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ** ... **49**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| **АЗПСПИЈК** | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **АП** | Акциски план |
| **ВРСМ** | Влада на Република Северна Македонија |
| **ГПВРСМ** | Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија |
| **ГС ВРСМ** | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |
| **ДАРСМ** | Државен архив на Република Северна Македонија |
| **ДБКИ** | Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДМС** | Национален систем за управување со документи |
| **ДУИ** | Државен управен инспекторат |
| **ЕДП** | Табели за државен долг |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на прописи |
| **ЕСА** | Европски систем на сметки (European System of Accounts –ESA) |
| **ЕТУ** | Една точка на услуги |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕУПАН** | Европска мрежа на јавни администрации (European Public Administration Network) |
| **ЗАС** | Закон за административни службеници |
| **ЗВЈС** | Закон за вработените во јавниот сектор |
| **ЗВРС** | Закон за висока раководна служба |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| **ЗЗУ** | Закон за заштита на укажувачи |
| **ЗОРОДУ** | Закон за организација и работа на органите на државната управа |
| **ЗОУП** | Закон за општата управна постапка |
| **ЗСПИЈК** | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **ИКТ** | Информациско-комуникациски технологии |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ИСУЧР** | Информациски систем за управување со човечки ресурси |
| **ЈП** | Јавни претпријатија |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЕТ** | Министерство за економија и труд |

| | |
|---|---|
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **МДТ** | Министерство за дигитална трансформација |
| **МЈА** | Министерство за јавна администрација |
| **МИМ** | Македонска информациска магистрала |
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МОЗ** | Министерство за односи меѓу заедниците |
| **МСПДМ** | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **НДИ** | Национален демократски институт |
| **НКБК** | Национална канцеларија за бродбенд компетентност |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на европското законодавство |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОДУ** | Органи на државна управа |
| **ОСР** | Оценка на спроведување на регулативата |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата |
| **РЈА** | Реформа на јавна администрација |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СЕН** | Систем за електронска најава |
| **МЕП** | Министерство за европски прашања |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **СИГМА** | Заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европската Комисија (SIGMA - Support for Improvement in Governance and Management), |
| **СРЈА** | Стратегија за реформа на јавна администрација |
| **СРСМ** | Собрание на Република Северна Македонија |
| **УНОПС** | Канцеларија за услуги на проекти на Обединетите нации (UNOPS: United Nations Office for Project Services) |
| **УЧР** | Управување со човечки ресурси |
| **ЦУП** | Центар за управување со промени |
| **DCAF** | Женевски Центар за  управување со безбедносниот сектор (Geneva Centre for Security Sector Governance) |
| **EIPA** | Европски институт за јавна администрација (European Institute of Public Administration) |

# РЕЗИМЕ

Вториот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2023-2030 и Акцискиот план 2023-2026 и постигнатите резултати во периодот јануари – декември 2024 година. Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите кои согласно Акцискиот план биле планирани да започнат во 2024 година и завршиле истата година, активностите кои започнале да се спроведуваат во извештајниот период, а треба да продолжат со реализацијата во наредните години и активности кои започнале претходната година, а се финализирале во 2024 година и треба да продолжат со реализацијата во наредните години. **Од вкупно 117 активности** планирани во четирите приоритетни области за кои се известува во извештајниот период **целосно се спроведени 5 активности** (реализирани на време 3 активности, а реализирани со доцнење 2 активности), **во тек на спроведување се 63 активности, а доцнат со реализација или не се почнати во предвидениот период 49 активности**. **За временската рамка за 2024 година степенот на реализација е 58%**[1]**.**

[1] Процентот на реализација е пресметан врз основа на целосно реализираните активности и оние кои се во тек на реализација.

# Степен на реализација на Акцискиот план 2023–2026 во период јануари - декември 2024

## СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

### ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1:

### КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

**Клучни резултати:**

- Подобрување на транспарентноста и системот на одлучување на Владата преку усвојување на нов Деловник за работа на Влада
- Надграден системот е-Влада
- Интеграција на методологија и алатка за Родова еднаквост и социјална инклузија во рамки на процесот за ПВР
- Подобрена статистичката писменост
- Редовно и навремено информирање на јавноста за работата на Владата и за спроведување на планските документи

### ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2:

### ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Клучни резултати:**

- Подготвен предлог Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници и поставен на ЕНЕР

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3:

# ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Клучни резултати:**

- Усвоена измена и дополнување на Закон за организација и работа на органите на државната управа
- Подготвена листа на посебни закони кои ги регулираат управните постапки
- Системот на интегритет се спроведува во 161 институција
- Целосно приклучени 16 инспекциски служби на системот Е-инспектор
- Подготвен е Водич за службените лица, Прирачник, како и информативно видео за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за лицата со попреченост
- одржани се вкупно 5 обуки за 102 ново назначени службени лица од 98 институции од сите категории на иматели на информации
- Објавени 656 податочни сетови на порталот за отворени податоци www.data.gov.mk

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4:

# ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

**Клучни резултати:**

- Изготвен нацрт Закон за утврдување на стажот и основиците за пензиско и инвалидско осигурување за периодот од 01.01.1970 до 31.12.2005 година
- Граѓаните имаат брз и едноставен пристап до 137 електронски услуги кои се достапни директно преку Националниот портал uslugi.gov.mk.
- Отворени две нови канцеларии за ЕТУ центрите „Една точка за услуги - ЕТУ“ и тоа во Општина Јегуновце и Општина Аеродром.
- Реализиран нов циклус на „Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите“

## СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ИНСТИТУЦИИ НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ

| Институција | Реализирани | Реализирани со доцнење | Во тек | Доцнат | Непочнати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за јавна администрација | 2 | 0 | 16 | 17 | 1 | 36 |
| Министерство за дигитална трансформација | 0 | 2 | 24 | 7 | 1 | 34 |
| Министерство за европски прашања | 0 | 0 | 5 | 10 | 0 | 15 |
| Генерален секретаријат | 1 | 0 | 6 | 3 | 3 | 13 |
| Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| Државен завод за статистика | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Инспекциски совет | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Министерство за финансии | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Секретаријат за законодавство | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Заменик Претседател на Влада на РСМ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно по статус** | **3** | **2** | **63** | 42 | **7** | **117** |

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ



Министер
**Горан Минчев**

Реформата на јавната администрација продолжува да биде еден од клучните приоритети во пристапното партнерство и важен предуслов во процесот на европската интеграција на Република Северна Македонија (РСМ). Владата својата политичка посветеност на процесот на реформите на јавната администрација ја потврди со усвојувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација (СРЈА) 2023 – 2030 година со Акциски план (АП) 2023-2026 година каде што се утврдени визијата и целите за обезбедување на деполитизирана, професионална и транспарентна јавна администрација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти преку дигитализација на процесите. Спроведувањето на реформите во минатото беше во голем дел подржано од ЕУ и други билатерални и меѓународни донатори, како и со вклученост и тесна соработка со граѓанското општество, која се надевам ќе продолжи и во наредниот период.

Согласно реформата за реорганизација, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) се подели во две министерства и тоа: Министерство за јавна администрација (МЈА) и Министерство за дигитална трансформација (МДТ). Надлежноста за координација на процесот на РЈА припадна на министерството за јавна администрација. Ние како ново формирано министерство ги насочивме нашите напори кон подобрување на административниот капацитет, рационализирање на процесите и негување култура на транспарентност и отчетност. За да се обезбеди успешно спроведување на реформските активности потребно е и активно вклучување на институциите надлежни во спроведувањето на мерките и активностите на СРЈА 2023-2030 и соработка со сите засегнати страни, посебно со граѓанскиот сектор. Убеден сум дека заедно, преку нашата посветеност кон силни јавни институции и ефективна јавна администрација, можеме да продолжиме да градиме општество кое е поправедно, поинклузивно и поуспешно.

# ВОВЕД

Вториот годишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на СРЈА 2023-2030 и АП 2023-2026 и постигнатите резултати во извештајниот период јануари – декември 2024 година. Извештајот содржи информации за степенот на реализација на активностите кои согласно Акцискиот план биле планирани да започнат во 2024 година и завршиле истата година, активностите кои започнале да се спроведуваат во извештајниот период, а треба да продолжат со реализацијата во наредните години и активности кои започнале претходната година, а се финализирале во 2024 година и/или ќе продолжат со реализацијата во наредните години.

**СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

- **РЕАЛИЗИРАНО**
- **ВО ТЕК**
- **НЕРЕАЛИЗИРАНО**
- **РЕАЛИЗИРАНО СО ДОЦНЕЊЕ**

Податоците за степенот на реализација се прибрани преку системот за следење на спроведувањето на СРЈА и АП  воведен во мај 2024 година кој овозможува ефикасно прибирање и обработка на извештаите и податоците доставени од страна на институтциите надлежни за спроведување на активностите. Статусот на имплементација на активностите се прикажува на четири нивоа. „Реализирани" се оние активности кои се реализирани во целост согласно предвидениот временски рок во АП во извештајниот период. „Во тек на спроведување" се активности чиешто спроведување започнало во извештајниот период и ќе продолжи да се спроведува во кварталите од наредниот извештаен период, „Нереализирани" се однесува на активности чиешто спроведување воопшто не отпочнало во рокот планиран со АП, додека пак,  „Реализирано со доцнење" се однесува на активности кои се реализирани после предвидениот рок согласно АП Оценката за реализација од стручен аспект ја утврдува МЈА врз основа на информациите добиени од институцијата задолжена за спроведувањето на конкретната активност. Оценката може да претрпи измени по анализата на МЈА и дискусиите со институцијата задолжена за спроведување на активноста.

Следењето се врши преку извештаите за спроведените активности од страна на институциите надлежни за нивно спорведување, како и преку прибирање на податоци за измерените вредности на показателите. Во Стратегијата за РЈА и АП 2023-2026 година се утврдени показатели на три нивоа - показател на општа цел, показатели на секоја од посебните цели и показатели на ниво на мерка. Исто така, за секој показател утврдени се целните вредности – почетната, преодната и крајната вредност на показателот – за секоја втора година од спроведувањето на Стратегијата за РЈА 2023-2030 година и АП 2023 - 2026 година.

Во продолжение се дава осврт на реализацијата на активностите и постигнатите резултати во извештајниот период по приоритетна област одделно.

# 1. КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

**ОПШТА ЦЕЛ**

**ЕФЕКТИВНО, ЕФИКАСНО, ТРАНСПАРЕНТНО, ИНКЛУЗИВНО КРЕИРАНИ ПОЛИТИКИ БАЗИРАНИ НА ДОКАЗИ**

За постигнување на општата и посебните цели во рамките на оваа приоритетна област во 2024 година се спроведоа активности насочени кон развивање и одржување на функционален механизам за усогласување на долгорочното со среднорочното и годишното планирање во органите на државна управа, унапредување на системот на координација на политики и одлучување на Владата, зголемување на транспарентноста во процесот на креирање политики и подготовка на законодавството, како и подобрување на квалитетот и достапноста на статистичките податоци. Напредокот во постигнувањето на општата цел во оваа приоритетна област се мери преку показателот на СИГМА за областа *Креирање на политики и координација.* Вредноста на индикаторот согласно податокот од последниот Извештај за мониторинг на СИГМА за 2024 година изнесува 37.5/100.

| Показател на ниво на општа цел | Почетна вредност (2021) | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Крајна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на показателот на СИГМА за тематската област Развој и координација на политики од Начелата на јавната администрација | 2.1 | Нема податок | 2.5 | 37.5/100 | 3 | 4 |

## СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ПОСЕБНА ЦЕЛ

За мерење на напредокот на Посебната цел 1 - *Воспоставен конзистентен и функционален систем за планирање, креирање политики и донесување закони* - се користи меѓународниот показател на Светска банка: Показател на квалитет на прописите (Regulatory Quality). Овој показател за 2024 година не може да се прикаже од причина што Светска банка сè уште го нема објавено Извештајот за 2024 година.

Напредокот на Посебната цел 2 - *Зголемена транспарентност, инклузивност и партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони* - се мери преку показателот на СИГМА за Консултации со јавноста за јавни политики. Вредноста на индикаторот согласно податокот од последниот Извештај за мониторинг на СИГМА за 2024 година изнесува 37/100.

| Показател на ниво на посебни цели | Почетна вредност (2021) | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Крајна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Показател на квалитет на прописите (Regulatory Quality -ранг на Светска Банка) | 0.4 | | 0.4 | Вредноста за 2024 се уште не е објавена | 0.5 | 0.7 |
| Консултации со јавноста за јавни политики (СИГМА оценка) | 2 | 2 | / | 37/100 | 2.5 | 3.5 |

| Показатели на ниво на мерки | Почетна вредност | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Крајна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на секторски стратегии што се целосно усогласени со методолошките критериуми | 0% | 41.7% | 70% | 37.5% | 90% | 100% |
| Процент на извештаи за спроведување на секторски стратегии што се целосно усогласени со методолошките критериуми | 0% | 21,4% | 70% | 60% | 90% | 100% |
| Процент на доставени акти до Собранието согласно законодавната агенда | 18% | 25.7% | 40% | 4.66% | 60% | 100% |
| Процент на подготвена национална верзија на Acquis | 13% | / | 20% | / | 25% | 76% |
| Процент на предлози на закони кои ги исполнуваат минимум критериумите во однос на процедурата на процесот на ПВР | 20.7% | 32% | 30% | 22,5*[2] | 50% | 80% |
| Процент на официјални статистички податоци усогласени со стандардите на Евростат | 67% | 64% | 72% | 66.6% | 76% | 85% |
| Процент на работни групи формирани при изработка на предлози на закони со вклучени претставници на граѓански организации | 35% | 30% | 40% | *[3] | 50% | 60% |
| Процент на предлози на закони со нацрт Извештаи за ПВР за кои е запазена постапката за консултации на ЕНЕР | 18% | 25% | 30% | 13,5*[4] | 50% | 80% |
| Процент на јавно објавени извештаи за спроведување на секторски стратегии | 0% | 35% | 70% | 80% | 90% | 100% |

[2] Процентот е пресметан врз основа на податоци преземени од нацрт Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регилативата -ПВР, за периодот јануари 2024-декември 2024, кој е во владина процедура.

[3] Вредноста на показателот за 2024 година ќе се процени по изработка на Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2024 година.

[4] Процентот е пресметан врз основа на податоци преземени од нацрт Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регилативата -ПВР, за периодот јануари 2024-декември 2024, кој е во владина процедура.

## 1.1. Посебна цел 1: Воспоставен конзистентен и функционален систем за планирање, креирање политики и донесување закони

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Подобрување на транспарентноста и системот на одлучување на Владата преку усвојување на нов Деловник за работа на Влада**
- **Надграден системот е-Влада**
- **Интеграција на методологија и алатка за Родова еднаквост и социјална инклузија во рамки на процесот за ПВР**
- **Подобрена статистичката писменост**

Со цел внатрешна реорганизација на Генералниот секретаријат за остварување на функциите на стратешко планирање, подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии во текот на 2024 година се спроведе функционална анализа. Притоа, подготвен е Извештај од спроведената функционална анализа и План за подобрување во насока на зајакнување на функциите на стратешко планирање, подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

Во однос на процентот на секторските стратегии подготвени согласно методолошките критериуми содржани во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, од вкупно 8 стратегии усвоени од ВРСМ во 2024 година, ГС дал позитивно мислење по 3 предлози на стратегии (37,5%).

Во однос на процентот на извештаи за спроведување на секторски стратегии што се целосно усогласени со методолошките критериуми содржани во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, [5] од вкупно 5 годишни извештаи за спроведување на секторските стратегии усвоени на Влада/ поминати како материјал за информирање во 2024 година, ГС дал мислење по три предлози извештаи, од кои за еден позитивно мислење, а за 2 извештаи дал позитивно мислење со укажување (60%).

Поддршката на Владата на Република Северна Македонија (ВРСМ) од проектот „Преосмислување на управувањето" финансиран од UK International Development од страна на Владата на Обединетото Кралство преку Британската Амбасада во Скопје, а спроведуван од Центарот за управување со промени (ЦУП) продолжи и во текот на 2024 година. Во рамките на проектот се одржаа две работилници на тема „Унапредување на постапките за стратешко планирање" за вработените во организационите единици за стратешко планирање во министерствата. Истовремено, тековно се работи на изработка на текст за  Усогласување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на ВРСМ со Законот за буџети. Притоа изменет е и дополнет членот 13 од Законот за буџети со Законот за изменување и дополнување на Законот за буџети.[6]

Во однос на степенот на реализација на законодавната агенда, односно колкав процент од планираните акти во законодавната агенда Владата ги доставува до Собранието во текот на една календарска година, од вкупно 193 предлози на закони разгледани и утврдени од ВРСМ во 2024 година, 9 предлози на закони биле предвидени во Програмата за работа на Владата **за 2024 година (4,66%)** што покажува пад во однос на 2023 година каде степенот на реализација на законодавната агенда изнесувал **25,7%**.

Во извештајниот период, продолжи надградбата на системот е-Влада и тоа на модулот Стратешко планирање и подготовка на Годишна програма за работа на ВРСМ со Регистар на стратегиски плански документи во кој се внесени стратегиите усвоени од Владата во периодот 2017-2024 година. Извршено е и поврзување на Регистарот со јавен сајт.[7]

[5] „Службен весник на РСМ" бр.122/22

[6] „Службен весник на РСМ" бр. 272/2024

[7] https://www.nrs.mk/mk-MK/lista-na-strategii.nspx

Со цел подобрување на транспарентноста и системот на одлучување на Владата, на 401та седница одржана на 17 декември 2024 година се усвои Деловникот за работа на ВРСМ.[8]

Во извештајниот период, извршено е поврзување на системот е-Влада со дигиталната архива на ГС и Службен весник на РСМ, делумно е реализирано поврзување со НПАА и ЕНЕР, додека делот за поврзување на е-Влада со дигиталната платформа е-Парламент сеуште не е воспоставен.

Со цел зајакнување на капацитетите на државните службеници во ГС во однос на клучните надлежности и улогата на институциите кои го сочинуваат Центарот на Владата со поддршка на СИГМА, ГС на ВРСМ на 18.04.2024 година организираше работилница за 23 вработени во ГС на тема „Зајакнување на координацијата на политиките, планирањето и контролата на квалитет на материјалите во Центарот на Владата во РСМ". Дополнително, во ноември 2024 година претставници на ГС (Сектор за стратегија, планирање и следење и Сектор за анализа на политиките и координација) активно учествуваа на два тркалезни маси во однос на алатките за мониторинг и евалуација на Националната развојна стратегија 2024-2044.

Во однос на воспоставувањето механизам на следење на донесувањето во законски предвидениот рок на подзаконските акти потребни за ефективна примена на законите подготвен е табеларен преглед на закони донесени во 2023 и 2024 година, со членови во кои е утврден правен основ за донесување на подзаконски акти.

Неизвесноста околу надлежноста за управување со процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) во текот на 2023 и 2024 година резултираше со успорување во неговото спроведување. Ова предизвика празнина во координацијата, што се одрази на ефикасноста на самиот процес. Со усвојувањето на новиот Деловник за работа на Владата на РСМ[9], согласно член 24 став (1) точка 6, управувањето со процесот на ПВР останува во надлежност на Министерството за јавна администрација. Во наредниот период планирано е да се направат значајни чекори за унапредување на правната рамка и зајакнување на институционалните капацитети.

Согласно податоците од нацрт Годишниот извештај за спроведување на процесот на ПВР за 2024 година кој е во владина процедура, **22,5% од предлог законите кои подлежат на ПВР** и поминале на седница на Влада на РСМ ги исполнуваат минимум критериумите во однос на процедурата и транспарентноста во процесот на ПВР.

Дополнително, со цел да се даде видливост на прашањето за родовата еднаквост и социјалната инклузија, како дел од проценката на социјалното влијание во текот на процесот на ПВР, во тек е спроведување на иницијативата „Интеграција на методологија и алатка за Родова еднаквост и социјална инклузија (РЕСИ) во рамки на процесот за ПВР" поддржана од Британската амбасада во Скопје. Во периодот септември-ноември 2024 година беа одржани 5 работилници за поврзување на РЕСИ и ПВР и тоа со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Собрание на РСМ, Генерален секретаријат на РСМ и Министерство за јавна администрација.

Унапредувањето на квалитетот на придружните материјали на предлозите на законите утврдени од Владата при нивното доставување до Собранието е уредено согласно член 142 став (4) точка 5 од Деловникот на Собранието на РСМ[10], со што е создадена правна основа во прилог на предлозите на законите да се доставува и Извештај за ПВР при нивното доставување до Собранието.

8 „Службен весник на РСМ" бр. 276/2024

9 „Службен весник на РСМ" бр.276/24

10 „Службен весник на РСМ" бр. 248/2023, што е во примена од мај 2024 година

Новата методологија  за подготовка на НПАА се планира да се донесе пред да започне следниот циклус на НПАА ревизија.

Согласно измените на ЗОРОДУ од јуни 2024 и трансформацијата на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) во Министерство за европски прашања (МЕП), се јави потреба од ревизија на одлуката за Преговарачката структура. Оваа одлука се донесе во септември 2024 и врз основа на истата се подготви и одлука за инситуционална структура која треба да влезе во владина постапка во текот на март/април 2025 година. Оваа одлука ќе биде основа за формирање на работна група за подготовка на преговорачки позиции како и за донесување на другите акти (деловници, упатства, насоки).

Макстат базата редовно се ажурира и надополнува со нови сетови на податоци и табели кои се достапни за корисниците и истите се користат за креирање на политики засновани на докази. Постои зголемување на процентот на официјални статистички податоци усогласени со стандардите на Евростат. Имено, **во 2023 година нивниот процент изнесувал 64%, додека во 2024 година изнесува 66.6%.** Зголемувањето на процентот се должи на зголемениот опфат на оценувањето од страна на Евростат.

Со цел подигнување на статистичката писменост за користење на статистички податоци, одржана е 1 обука на 10 службеници од државните институции за основен Ексел во 5 модули. Во однос на зголемување на достапноста на родови статистики за носителите на политики, со поддршка на UN Women се подготвува публикација "Жените и мажите во Република Северна Македонија".

За мерење на напредокот на Посебната цел 1 - *Воспоставен конзистентен и функционален систем за планирање, креирање политики и донесување закони* - се користи меѓународниот показател на Светска банка: Показател на квалитет на прописите (Regulatory Quality). Овој показател за 2024 година не може да се прикаже од причина што Светска банка сè уште го нема објавено Извештајот за 2024 година.

## 1.2. Посебна цел 2: Зголемена транспарентност, инклузивност и партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Редовно и навремено информирање на јавноста за работата на Владата и за спроведување на планските документи**

Согласно воспоставениот механизам за подготовка на годишни извештаи, Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлог-закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации за 2024 година е во подготовка. Според програмата за работа на Владата истиот треба да се достави за разгледување на Влада во мај 2025 година. Извештајот се подготвува врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-законите и други акти во 2024 година, дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество.

Вредноста на показателот процент на работни групи формирани при изработка на предлози на закони со вклучени претставници на граѓански организации за 2024 година ќе се процени по изработка на Извештајот за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2024 година.

Согласно податоците од нацрт Годишниот извештај за спроведување на ПВР за 2024 година кој е во владина процедура, 13,5% од предлог законите кои подлежат на ПВР и поминале на седница на Влада на РСМ ја имаат запазено постапката за консултации на ЕНЕР предвидена во Методологијата за ПВР.

Во однос на редовното и навремено информирање на јавноста за работата на Владата и за спроведување на планските документи **с**е подготвуваат полугодишни и годишни извештаи за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на РСМ кои не се објавени на веб локацијата (не се јавно достапни). Додека пак, од вкупно 5 извештаи за спроведување на стратегии разгледани од Владата на Република Северна Македонија во 2024 година, 4 извештаи се јавно објавени на веб-страниците на ресорните институции (80%) што покажува пораст во однос на 2023 година каде 35% извештаи се јавно објавени на веб-страниците на ресорните институции.

Напредокот на Посебната цел 2 - *Зголемена транспарентност, инклузивност и партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони* - се мери преку показателот на СИГМА за Консултации со јавноста за јавни политики.  Вредноста на индикаторот согласно податокот од последниот Извештај за мониторинг на СИГМА за 2024 година изнесува 37/100.

# 2.

# ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**ОПШТА ЦЕЛ**

**ДЕПОЛИТИЗИРАНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И СТРУЧНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Согласно АП од СРЈА 2023-2030, активностите во рамките на оваа приоритетна област беа насочени кон активности за

јакнењето на улогата на интервјуто базирано на компетенции во постапките за вработување на јавната администрација, зајакнување на улогата на Мрежата за управување со човечки Ресурси, како и анализа на предлог Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници.

За мерење на напредокот во постигнувањето на општата цел во оваа приоритетна област се користи показателот на СИГМА за областа Јавна служба и управување со човечките ресурси. Согласно промената на методолгијата за пресметка на индикаторот на СИГМА, наместо изразени во бројки од 1-5, сега е процентуално изразено од 1-100%. Резултатот на овој индикатор од Извештајот на СИГМА за 2024 година за Македонија е 30.3%.

Иако законската регулатива за унапредувањето на администрацијата не е дел од СРЈА, сепак клучно е да дадеме осврт на реалзиираните активностите во однос на Законот за административни службеници (ЗАС) и Законот за вработените во јавниот сектор (ЗВЈС). Имено, последните предлог верзии на овие два закони беа усвоени од страна на Владата на РСМ на почетокот на 2024 година и истите беа доставени до Собранието, каде согласно собранискaта процедура беа разгледани во рамките на комисијата за европски прашања. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ) се формираше новото Министерство за јавна администрација, па оттука се наметна потребата од формално-правен аспект овие закони да бидат повлечени од Собраниска процедура во јули 2024 година, како и за да се обезбеди консултација за законите со пошироката јавност. Сето тоа допринесе да веднаш по повлекувањето од собраниската процедура законите бидат објавени на ЕНЕР на увид на јавноста. Во истиот период за истата цел, прибирање забелешки, предлози и коментари од сите засегнати страни, МЈА организираше и јавни расправи со подршка на Центарот за управување со промени (ЦУП) во Скопје, со Заедницата на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС) во Општина Куманово и јавна расправа во Собранието на РСМ.

| Показател на ниво на општа цел | Почетна вредност | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на показателот на СИГМА за тематската област Јавна служба и управување со човечките ресурси | 2.6 | Нема податок | 2.8 | 30.3% | 3 | 3.5 |

## СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ

| Посебна цел | Реализирано | Реализирано со доцнење | Во тек | Нереализирано | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Деполитизација на јавната администрација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Професионална јавна администрација (развој на професија - административен службеник) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Обезбедување квалитет и стручност на јавната администрација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавната служба | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |

### 2.1. Посебна цел 1: Деполитизација на администрацијата

Согласно АП од СРЈА 2023-2030 има планирани три активности во оваа посебна цел за 2024 година. Притоа активноста за развивање на Методологија за изготвување на Планови за вработување согласно стратешките приоритети на институцијата со понудени обрасци не е започната бидејќи се работи на носење на ново законско решение во кое ќе бидат опфатени стратешките приоритети усогласени со годишните планови за вработување на институциите од јавниот сектор. Во однос на јакнењето на улогата на интервјуто базирано на компетенции во постапките за вработување на јавната администрација, формирана е Работна група во МЈА за подготовка на прирачник за спроведување на интервју базирано на компетенции. Притоа, МЈА во соработка со ОБСЕ организираше две работилници[11] на тема: Воведување на интервјуа засновани на компетенции при вработување на административни службеници во јавната администрација, Во рамки на работилниците изготвен е нацрт Прирачник за спроведување на интервју базирано на компетенции аспектирано со родова сензитивност. Активноста за подготовка на информативно едукативен видео материјал за потенцијалните кандидати за интервју и работа во јавната администрација и негова достапност доцни со реализацијата.

### 2.2. Посебна цел 2: Професионална јавна администрација (развој на професија – административен службеник)

Согласно АП од СРЈА 2023-2030 во извештајниот период е предвидена реализација на три активности во оваа посебна цел. Со цел унапредување на јавната администрација базирано на **“**мерит“ и “смарт“ описи започнати се подготвителни активности во однос на изработка на Правилник за постапката за унапредување со акцент на проверка на компетенциите на интервјуто.

За зајакнување на улогата на Мрежата за управување со човечки ресурси **(УЧР)** формирана е работна група во рамките на МЈА за подготовка на нов деловник за работа на Мрежата за УЧР, со цел унапредување на нејзината функционалност која подготви нацрт верзијата на деловникот за работа на Мрежата за управување со човечки ресурси.

[11] Едната работилница се одржа во Скопје на 04.11.2024, а другата во Крушево на 19-20.11.2024

Со цел градењето на капацитетите на членовите на Мрежата за УЧР, истите присуствуваа на обуки во рамки на Регионалната школа за јавна администрација (РеСПА).

Напредокот на оваа посебна цел се мери преку два показатели. Едниот е процентот на жалби на одлуки за именување/назначување на функционери врз основа на спроведени постапки за селекција на ВРС, а другиот е процентот на усвоени жалби на одлуки за избор на најуспешен кандидат во постапките за унапредување по пат на интерен оглас. Мерењето на вредностите на индикаторите ќе започне по донесувањето на соодветната законска регулатива.

## 2.3. Посебна цел 3: Обезбедување квалитет и стручност на јавната администрација

Согласно АП од СРЈА 2023-2030 има планирано само една активност во оваа посебна цел за 2024 година која се однесува на анализа на постојниот систем за стручно усовршување на административните службеници. Имено, предлог Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници беше поставен на ЕНЕР и во тек е инкорпорирање на добиените забелешки.

## 2.4. Посебна цел 4: Воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавната служба

Активности во оваа посебна цел кои согласно АП од СРЈА 2023-2030 требаше да започнат во третиот квартал на 2024 година, а се однесуваат на м**ерката за утврдување на правна рамка за воспоставување на единствен систем на плати во јавниот сектор ќе започнат со реализација** во текот на 2025 година.

# 3. ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**ОПШТА ЦЕЛ**

**ОДГОВОРНО, ОТЧЕТНО И ТРАНСПАРЕНТНО РАБОТЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ**

Во рамки на оваа приоритетна област во текот на 2024 година во фокусот на реализација беа усвоената измена и дополнување на Закон за организација и работа на органите на државната управа, подготвената листа на посебни закони кои ги регулираат управните постапки со цел олеснување на процесот на усогласување на посебните закони со Законот за општата управна постапка (ЗОУП), јакнење на системот на интегритет како и континуираното поттикнување на проактивната транспарентност, но и на работата на институциите на државата во однос на пристапот до информациите од јавен карактер.

За мерење на напредокот на оваа општа цел се користи меѓународен индикатор - оценката на СИГМА за тематската област: Отчетност од Начелата за јавна администрација. Измерената вредност на показателот за 2024 година, според нновата методологија на СИГМА изразена во проценти 1-100% изнесува 56,3%.

| Показател на ниво на општа цел | Почетна вредност (2021) | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вредност на показателот на СИГМА за тематската област Отчетност од Начелата за јавна администрација | 3.2 | Нема податок | 3.3 | 56,3% | 3.4 | 4 |

## Степен на спроведување на активностите

| Посебна цел | Реализирано | Реализирано со доцнење | Во тек | Нереализирано | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Кохерентна и оптимизирана државна управа | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Подобрена ефикасност на управните постапки | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| Зајакнат интегритет на институциите | 1 | 2 | 3 | 2 | 8 |
| Зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор | 0 | 0 | 6 | 2 | 8 |

| Показатели на ниво на посебни цели | Почетна вредност (2021) | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Отчетност и организација на централната власт (Оценка на СИГМА) | 2 | Нема податок | 2 | | 4 | 5 |
| Процент на уважени жалби од областа на управната постапка од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, освен предметите од областа на работните односи | 31% | 29% | 28% | *[12] | 25% | 20% |
| Подобрување на годишните рангирања на Република Северна Македонија за нивото на корупција на мерењата од Транспаренси Интернешнл - ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈА (CPI) | 85/180 | 76 | 84/180 | 88 | 83/180 | 81/180 |
| Процент на неодговорени барања за пристап до информации од јавен карактер од државни институции | 66.8% | 50.3% | 63% | 57.3% | 59.5% | 54% |
| Број на објавени податочни сетови на порталот за отворени податоци www.data.gov.mk | 580 | 656 | 630 | 670 | 700 | 900 |

| Показател на ниво на мерки | Почетна вредност | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на органи на државна управа | 139 | | 135 | | 110 | 109 |
| Процент на институции кои имаат обучени вработени за спроведување и примена на ЗОУП | 3% | / | 15% | /[13] | 25% | 65% |
| Процент на носители на јавни функции од извршна власт кои ја посетиле обуката за етички кодекс на носители на јавни функции од извршната власт | 70% | 4.69%[14] | 75% | 14.28%[15] | 80% | 100% |

[12] Индикаторот се мери според податоците од Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, кој се донесува до крајот на март во тековната година за претходната година. Согласно на тоа, вредноста на показателот за 2024 година не може да се пресмета во овој момент.

[13] Со оглед на тоа што не е започната активноста, не може да се измери индикаторот.

[14] Во 2023 година се одржани 13 обуки за носители на јавни функции од извршната власт на која присуствуваа 277 функционери. Во отсуство на верифициран податок на носители на јавни функции во извршната власт, овој индикатор не може да се измери.

[15] Во 2024 година се одржа една обука за 7 носители на јавни функции од извршната власт. Во отсуство на верифициран податок на носители на јавни функции во извршната власт, овој индикатор не може да се измери.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на институции кои ги имплементирале елементите од системот на интегритет | 85 | 140 | 120 | 161 | 150 | 169 |
| Процент на инспекциски служби кои се вклучени во системот Е-инспектор | 10.7% | 10.71% | 57.2% | 57.14% | 100% | 100% |
| Процент на државни институции кои на своите веб страници редовно ги објавуваат и ажурираат документите согласно ЗСПИЈК | 67% | 67.5% | 72% | | 74% | 80% |
| Број на реализирани обуки за ЗСПИЈК на локално и регионално ниво | 19 | 13 | 23 | 14 | 30 | 45 |
| Процент на инспекциски служби коишто ги унифицирале своите веб страни | 0 | 0 | | 0[16] | 80% | 100% |
| Број на нови институции на порталот за отворени податоци | 74 | 74 | 120 | 76 | 200 | 350 |
| Број на преземени податочни сетови од страна на регистрирани корисници | 9800 | 15 000 | 13 000 | 17 300 | 20 000 | 40 000 |

## 3.1. Посебна цел: Кохерентна и оптимизирана државната управа

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Усвоена измена и дополнување на Закон за организација и работа на органите на државната управа**

Согласно препораките на ЕУ, на 08.06.2024, Собранието на РСМ ги донесе измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ), со фокус на реорганизацијата на министерствата Овие измени вклучуваат прераспределба на надлежностите, прегрупирање на органите и создавање нови министерства. Со овој Закон[17] од актуелните 16 министерства организирани се 20 министерства. Како нови министерства се организираат Министерство за спорт и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, а Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за јавна администрација и Министерство за дигитална трансформација со надлежности утврдени со овој закон како правни наследници на ова министерство.

Покрај новите министерства, извршена е реорганизација на постоечките министерства, така на пример, Министерството за надворешни работи е реорганизирано во Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за култура е реорганизирано во Министерство за култура и туризам, досегашното Министерство за труд и социјална политика е трансформирано во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а Министерството за економија е трансформирано во Министерство за економија и труд. Министерството за политички системи и односи меѓу заедниците сега е Министерство за односи меѓу заедници. Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Северна Македонија станува Министерство за европски прашања.

[16] Со оглед на тоа што активноста е предвидено да започне со реализација во 2025 година, не може да се измери индикаторот.

[17] "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24"

Воедно, со Законот за изменување и дополнување на ЗОРОДУ се воспоставуваат линиите на отчетност помеѓу ресорните министерства и органите во нивен состав. При тоа се реафирмира и зајакнува улогата на министерствата во однос на надзорот над законите од нивна надлежност.

Напредокот во оваа посебна цел се мери преку показателот на исход отчетност и организација на централната власт (Оценка на СИГМА). Согласно промената на методолгијата за пресметка на индикаторот на СИГМА, наместо изразени во бројки од 1-5, сега е процентуално изразено од 1-100%. Резултатот на овој индикатор од Извештајот на СИГМА за 2024 година за Македонија е 10%.

## 3.2. Посебна цел: Подобрена ефикасност на управните постапки

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Подготвена листа на посебни закони кои ги регулираат управните постапки**

Во текот на 2024 година, МЈА во соработка на СИГМА организираше тркалезна маса, на која учествуваа претставници од министерствата што се вклучени во изготвувањето на законите што ги регулираат управните постапки од надлежност на секое ресорно министерство. Целта на настанот беше претставување на нацрт-контролната листа која има за задача да го олесни процесот на усогласување на посебните закони со Законот за општата управна постапка (ЗОУП). Присутните учесници активно се вклучија во дискусиите во однос на самата содржина на контролната листа, нејзината применливост, со цел подобрување. Врз основа на добиените коментари и забелешки, експертите ангажирани од СИГМА ја финализираа контролната листа и составија листа на посебни закони кои ги регулираат управните постапки, како основа за понатамошната работа на меѓуресорското тело и следење на усогласеноста со ЗОУП.

За мерење на напредокот во оваа посебна цел се користи Процентот на уважени жалби од областа на управната постапка од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, освен предметите од областа на работните односи. Индикаторот се мери според податоците од Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, кој се донесува до крајот на март во тековната година за претходната година. Согласно на тоа, вредноста на показателот за 2024 година не може да се пресмета во овој момент.

## 3.3. Посебна цел: Зајакнат интегритет на институциите

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Системот на интегритет се спроведува во 161 институција**
- **Целосно приклучени 16 инспекциски служби на системот Е-инспектор**

Во насока на јакнење на интегритетот како процес кој подразбира активна вклученост на сите засегнати страни, односно преземање на активности за континуирано унапредување на личните и професионални вредности и етички стандарди, на првата седница на Владата одржана на 28.6.2024 година, министерот за правда е назначен како член на Владата одговорен за следење на спроведувањето на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Процесот на имплементација на системот на интегритет како законска надлежност на ДКСК засилено се развива на национално ниво. Активностите согласно закон во делот на јакнењето на личниот и институционалниот интегритет се развиваат по планиран, прагматичен и временски реален процес, кој за резултат има да им помогне на сите институции – потписнички на политиката за интегритет, да го воведат и/или унапредат процесот на имплементација на системот на интегритет. Овој процес

подразбира и активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси, посебно во делот на одговорностите кои следуваат со примената на системот на интегритет како највисока институционална цел. Во текот на 2024 година, ДКСК активно соработуваше со институциите – потписнички на политиката за интегритет, на три нивоа на интегритет: секторски, институционален и личен интегритет.

За ефикасно следење на реализацијата на активностите, ДКСК продолжи да ја користи алатката веб апликација за прибирање и анализа на податоците за степенот на имплементација на планираните активности од Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 доставени од надлежните институции.

Со цел зајакнување на институционалниот интегритет, ДКСК континуирано работи на воведување на системот на интегритет во институциите на централно, локално ниво и во делот на правосудната власт. Заклучно со декември 2024 година системот на интегритет започна да се воведува во: 72 институции од редот на институциите на државна управа и други државни органи: агенции, фондови, комисии, заводи, инспекторати, секретаријати , 72 единици на локалната самоуправа и 17 институции од правосудната власт. Ова значи дека системот на интегритет во 2024 година се спроведува во вкупно 161 институција, бележејќи пораст споредбено со 2023 година кога овој систем се спроведувал во 140 институции.

Преку воведувањето на системот за интегритет во институциите, паралелно со градењето на цврст и одржлив институционален интегритет, ДКСК работи и на јакнење на личниот интегритет преку промовирање и континуирано спроведување на процес на едукација за лицата за интегритет. Во текот на 2024 година се преземаа активности за градење на капацитетите преку обуки и работилници, преку кои беа опфатени лицата за интегритет на државните органи и институции од јавниот сектор-потписници на политиката за интегритет и тоа:

- Одржување на четири регионални работилници со градоначалници на тема „Имплементација на Системот на интегритет во единиците на локална самоуправа", со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

- Одржување на четири дводневни работилници за лица за интегритет и за други овластени службени лица од единиците на локалната самоуправа на тема „Напредната обука за воведување на елементите на системот на интегритет во ЕЛС" во Скопје, со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје

- Одржување на работилница за лица за интегритет и други клучни позиции во инстиутциитеод централната власт, на тема "Дискрециони овластувања и начините на кои може да се управува со нив", со поддршка од УСАИД проектот Партнерство против корупција.

Процесот на континуирана едукација претставува еден од клучните приоритети и алатки во препознавањето и справувањето со корупцијата, но и поттикнување за етичко однесување, спречување на судир на интереси и создавање на услови за поголема доверба на граѓаните во јавниот сектор. Јакнењето на институционалните капацитети во смисла на човечки, технички и финансиски ресурси, е од исклучително значење за непречено одвивање на работните процеси, остварување на работните задачи и надлежностите утврдени со закон.

Развојот на модули за вклучување на останатите инспекциски служби под јурисдикција на ИС, во електронскиот систем „Е-инспектор" како и развојот на останатите процеси (модули) од електронскиот систем, не се започнати бидејќи реализацијата на овие активности директно зависи од процесот на реорганизација и оптимизација на јавната администрација и ќе бидат предмет на вклучување во електронскиот систем, во зависност од крајниот исход на реорганизацијата. Заклучно со 31.12.2024 година на системот Е-инспектор се целосно приклучени 16 инспекциски служби (57.14%) што покажу-

ва значителен пораст во споредба со 2023 година каде процентот на инспекциски служби кои се вклучени во овој систем изнесува 10.71%.

Напредокот во оваа посебна цел се мери преку показателот на исход Подобрување на годишните рангирања на Република Северна Македонија за нивото на корупција на мерењата од Транспаренси Интернешнл согласно Индекс на перцепција на корупција (CPI). Вкупниот резултат во 2024 година изнесува 40 и бележи благ пад во однос на 2023 година кога изнесувал 42.

## 3.4. Посебна цел: Зајакната транспарентност на институциите на државно и локално ниво

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Подготвен е Водич за службените лица, Прирачник, како и информативно видео за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за лицата со попреченост**
- **одржани се 5 обуки за 102 ново назначени службени лица од 98 институции од сите категории на иматели на информации.**

Во насока на зајакнување на капацитети на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (АЗПСПИЈК) за извршување на нејзините надлежности започна имплементација на првата активност во рамките на проектот „Партнерство против корупција“, односно соЦАФ процес во Агенцијата. Со цел на континуирано поттикнување на проактивната транспарентност, но и на работата на институциите на државата, во однос на пристапот до информациите од јавен карактер, АЗПСПИЈК изготви Водич за службените лица се со цел да им овозможуваат на граѓаните брз, едноставен и лесен пристап до сите информации кои ги поседуваат и со кои располагаат сите иматели на информации од јавен карактер. Истиот е објавен на веб страната на Агенцијата.[18] Исто така, се спроведе мониторинг на веб страните на имателите на информации од Судската власт. Извештајот од истиот е објавен на веб страната на АЗПСПИЈК[19], и е доставен до имателите со добиените резултати за нивно запознавање и подобрување на веб страниците во однос на активната транспарентност.

Во периодот од 10 ноември до 20 декември 2024 година, АЗПСПИЈК изврши мониторинг на 113 иматели, односно на веб страниците на имателите од државните институции, објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Од вкупно 133 државни институции евидентирани во Листата како иматели, беа мониторирани веб страниците на 113 иматели. 11 иматели не беа опфатени со мониторингот, бидејќи немаат сопствени веб локации. Мониторинг не беше спроведен на четирите нови министерства од причина што субјектите се нови и во тек е воспоставување на веб страна и пополнување на страните со информации. Согласно формулата за овој индикатор, пресметаната вредност за 2024 година изнесува 69.9%, во благ пораст од 2023 година кога процентот бил 67.5%.

Агенцијата секоја година согласно утврдената Методологија спроведува мониторинг на веб страните на имателите на информации и подготвува и објавува извештаи. Па така во 2024 година ги подготви: Извештај за мониторинг на општините и центрите за развој на плански региони за 2024, Извештај од мониторинг на судска власт за 2024, Извештај од мониторинг на државни институции за 2024. Извештаите од спроведените мониторинзи Агенцијата ги објавува на својата веб страната, притоа и ги доставува до мониторираните иматели на информации со добиените резултати, за нивно запознавање, кои треба да послужат како корективна мерка се со цел подобрување на нивните веб страници во однос на активната транспарентност.

Во извештајниот период во просториите на АЗПСПИЈК одржани се вкупно 5 обуки за 102 ново назначени службени лица од 98 институции од сите категории на иматели на информации.

[18] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2024/02/Потребни-предуслови-за-ефективен-пристап-до-информации.pdf

[19] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2024/05/2024-ИЗВЕШТАЈ-ЗА-МОНИТОРИНГ-СУДСКА-ВЛАСТ-КОНЕЧЕН.pdf

Во 2024 година поради буџетски непоткрепена можност за едукација на сите службени лица од 1.465-те иматели на информации, Агенцијата реализираше вкупно 9 обуки се со цел да ги едуцира новоназначените и актуелните службени лица за посредување со информации кај имателите на информации. Дополнително со поддршка на невладиниот сектор во 2024 година, беа организирани 3 дополнителни обуки од кои првата е во организација на Центарот за стратешки истражувања и документација „Форум“, втората со поддршка на УНДП за службените лица кај имателите од државните институции, министерства и општините, а последната со ИРИ за службените лица од политичките партии. Една обука во Академија на судии и јавни обвинители и една обука на ученици од средно училиште.

Во извештајниот период, АЗПСПИЈК во соработка со Здружението за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА од Куманово, како дел од Проектот за инклузија во пристапот до јавни информации за лицата со попреченост, кој е поддржан од Фондацијата „Отворено општество – Македонија“, подготвија Прирачник [20], како и информативно видео [21] за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за лицата со попреченост.

Напредокот во оваа посебна цел се мери преку процентот на неодговорени барања за информации од јавен карактер од државните институции. Во 2024 година вкупниот број на поднесени жалби до Агенцијата против државните институции е 138, а од нив по основ молк на управата се евидентирани 79 жалби. Согласно формулата за овој индикатор, пресметаната вредност за 2024 година изнесува 57.3% што покажува пораст во однос на измерената вредност за 2023 година која изнесува 50.3%.

## 3.5. Посебна цел: Создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Објавени 656 податочни сетови на порталот за отворени податоци www.data.gov.mk**

Министерството за дигитална трансформација континуирано прави напори за овозможување на барателите на податоци да ги добијат податоците од јавниот сектор во формат кој ќе им овозможи нивна прегледност и можност за ефикасно и едноставно користење.  На порталот за отворени податоци, во 2024 година бројот на објавени институции е 76 што е благ пораст во однос на 2023 година каде бројот на објавени  институции е 74. Бројот на преземања на податочни сетови од страна на регистрираните корисници изнесува 17300, што претставува пораст во однос на 2023 година кога овој број изнесувал 15000.

Напредокот во оваа посебна цел се мери преку показателот: Број на објавени податочни сетови на порталот за отворени податоци www.data.gov.mk. Во 2024 година овој број изнесува 670 објавени податочни сетови и се бележи напредок во однос на 2023 година кога биле објавени 656 податочни сетови.

[20] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2024/05/Priracnik-Finalen-1.pdf

[21] https://www.youtube.com/watch?v=LNpacT0VsPo

# 4. ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

**ОПШТА ЦЕЛ**

**ДИГИТАЛИЗИРАНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Во текот на извештајниот период, во четвртата приоритетна област продолжи и континуираното зголемување на бројот на институции приклучени на Платформата за интероперабилност, како и зголемувањето на бројот на Е-услуги кои се достапни за граѓаните на РСМ на Националниот портал за еУслуги. Исто така, се преземаа активности и во однос на примената на моделите на системот за управување со квалитет.

За напредокот на општата цел: дигитализирана јавна администрација предвидени се два показатели. Едниот показател е ЕУ показателот за електронска администрација (e-government benchmark)[22]. Согласно формулата за пресметка, а земајќи ги предвид засебните индикатори, резултатот за овој индикатор е следниот: 68% Ориентираност кон корисникот+ 30% Клучни овозможувачи/фактори)/2 = 49. Според ова истражување во нашата држава се бележи зголемување од 48,05% на 49% на овој индикатор во споредба со претходната година. Другиот показател е СИГМА Оценката за Принцип 3: Дигиталната влада овозможува одлуки водени од податоци, ефикасни и одговорни политики, услуги и процеси во целата влада. Земајќи предвид дека постојат 2 индикатори, вредноста е утврдена преку утврдување на просечната вредност на: Индикатор 22.1. Вредноста на индикаторот за подготвеност и зрелост на дигиталната влада, вредност за 2024 година: 23/100 Индикатор 22.2. Индикатор 22.2. Дигитални владини алатки и услуги, вредност за 2024 година: 28/100.

## Степен на спроведување на активности

| Посебна цел | Реализирано | Реализирано со доцнење | Во тек | Нереализирано | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Дигитална средина за подобро работење на администрацијата | 1 | 0 | 13 | 2 | 16 |
| Зголемен квалитет и достапност до услугите | 1 | 0 | 14 | 4 | 19 |

[22] Истражувањето (eGovernment Benchmark) покажува како владите низ Европа обезбедуваат дигитални јавни услуги и се спроведува за испораката на услуги во 35 земји низ Европа

| Показател на ниво на општа цел | Почетна вредност | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕУ показател за електронска администрација (e-government benchmark) | 47.4% | 48.05% | 50% | 49% | 55% | 70% |
| СИГМА Оценка за Принцип 3: Дигиталната влада овозможува одлуки водени од податоци, ефикасни и одговорни политики, услуги и процеси во целата влада | Ќе се утврди при првиот мониторинг на СИГМА според новите принципи | | / | Земајќи предвид дека постојат 2 индикатори, вредноста е утврдена преку утврдување на просечната вредност на: Индикатор 22.1. Вредноста на индикаторот за подготвеност и зрелост на дигиталната влада, вредност за 2024 година: 23/100 Индикатор 22.2. Индикатор 22.2. Дигитални владини алатки и услуги, вредност за 2024 година: 28/100 | / | / |

| Показател на ниво на посебни цели | Почетна вредност | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на трансакции на платформата за Интероперабилност | 1 484 018 | 3143418 | 3 000 000 | 8 500 920 | 5 000 000 | 7 000 000 |
| Процент на граѓани кои користат електронски услуги (истражување на јавното мислење на Балкан барометар) | 22% | 19% | 25% | *[23] | 30% | 60% |
| Број на едношалтерски услуги | 83 | 97 | 85 | 137 | 120 | 300 |

[23] Извештајот за 2024 се уште не е објавен и поради тоа не може да се пресмета индикаторот

| Показател на ниво на мерки | Почетна вредност | Измерена вредност (2023) | Преодна вредност (2024) | Измерена вредност (2024) | Преодна вредност (2026) | Целна вредност (2030) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на нови институции/ компании на платформата за Интероперабилност | 52 | 61 | 62 | 61 | 72 | 92 |
| Вкупен број на институции кои го користат ДМС системот | 21 | 22 | 21 | | 30 | 60 |
| Степен на воспоставена законска и институционална рамка во областа на ИКТ | 0 | | 1 | | 2 | 3 |
| Број на воспоставени дигитални регистри | 0 | 7 | 4 | | 7 | 12 |
| Број на еУслуги на Националниот портал за еУслуги | 95 | 125 | 130 | | 302 | 500 |
| Број на ЕТУ – едношалтерски точки | 5 | 5 | 6 | | 8 | 15 |
| Број на достапни веб страни со WCAG стандардот | 2 | 4 | 10 | | 15 | 30 |
| Оценка за индекс на квалитет на институциите | 70% | 70% | 72% | 56.86% | 75% | 85% |
| Број на обучен кадар за digital-first принцип, стекнување на знаење за националните системи и агилно работење во администрација во секоја институција | 0 | | 1000 | | 2000 | 5000 |

## 4.1. Посебна цел: Дигитална средина за подобро работење на администрацијата

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Зголемен број на институции кои ја користат платформата за Интероперабилност**
- **Изготвен нацрт Закон за утврдување на стажот и основиците за пензиско и инвалидско осигурување за периодот од 01.01.1970 до 31.12.2005 година**

Во текот на 2024 година имплеменацијата на развојот на јазол комуникациски клиент е реализирана. Платформата за интероперабилност е надградена и намалени се финансиските импликации за институциите. Во изминатиот период се направени состаноци со поголемиот дел од институциите, како и со компании кои што ќе се приклучат на платформата. Во моментов има над 55 институции, а во процес на приклучување се уште 10 институции и компании.

Согласно податоците достапни на https://servicecatalog.interop.gov.mk, во делот „Листа на институции поврзани на платформата за Интероперабилност" евидентирани се 61 институција, како и фирми од приватниот сектор, како што покажа и Извештајот од 2023 година. Меѓутоа, приближно 10 заинтересирани институции чекаат надградба на платформата, со цел да ги редуцираат трошоците за нивно приклучување.

Оптимизацијата во работењето на администрацијата ќе се овозможи и преку воспоставување на унифициран ДМС систем кој ќе им биде ставен на располагање на сите органи на државната управа (исклучок се органите од областа на безбедноста), како и на локалната самоуправа и останатите институции од јавниот сектор. Во тек е јавна набавка за компанија која ќе го одржува системот. Целта е надградба на платформата како и интеграција на сите институции за користење на системот. Бројот на институции кои го користат ДМС системот останува ист како и во 2023 година, односно 22 институции се корисници на овој систем.

Во насока на воведување на SMART околина во работењето на администрацијата, во извештајниот период се преземаа неколку активности. Владата на РСМ го одобри новиот централизиран и унифициран систем за регистрација и водење на евиденција на задолжителното социјално осигурување - СУРС Информационен систем, како модел кој треба да се имплементира во наредниот период. Во овој проект се вклучени сите институции кои што во нивните системи имаат податоци за социјално осигурување. Изготвени се миграционен план на податоци, хардверски и софтверски спецификации на системите кои што се основа за понатамошниот тек на проектот. Фондот за здравствено осигурување на РСМ како институција со најголем број на податоци за здравствени осигуреници активно учествуваше во дизајнот на овој систем и ќе учествува во процесот на собирање, чистење и мигрирање на податоците во СУРС системот имајќи главна улога во процесот на миграција на системите.

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) ја подготови тендерската документација за набавка на СУРС Информациониот систем и објави повик за достава на понуди за развој на систем за проценка на попреченост и национален регистар на лица со попреченост.

Во однос на разрешувањето на проблемот со М4 пријави (стаж) на осигурениците кои недостасуваат во матичната евиденција на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, изготвен е нацрт Закон за утврдување на стажот и основиците за пензиско и инвалидско осигурување за периодот од 01.01.1970 до 31.12.2005 година со кој ќе се реши овој проблем.

Со измените на Законот за централен регистар на население, Законот за електронски услуги и електронска идентификација, како и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги се утврди дека инспекциски надзор над примената на одредбите од овие закони и другите прописи и општи акти донесени врз основа на овие закони врши секторот надлежен за инспекциски надзор во рамките на Министерството за дигитална трансформација, преку инспекторите за информациско комуникациски технологии.

Со Законот за изменување и дополнување на ЗОРОДУ, се воспостави Министерството за дигитална трансформација каде што е утврдена надлежност за безбедност на мрежи и информациски системи. Со овие измени се доведува во прашање потребата за воспоставување на посебна ИКТ агенција.

Во однос на измената на Законот за архивска дејност во декември 2024 година година беше објавен оглас од страна на РеСПА за ангажирање на експерти кои ќе работат на законот. Со предлог законот се очекува унапредување и стандардизација на процесите на канцелариското и архивско работење, заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, како значајно културно наследство на државата и извор на колективната меморија на целокупното општество. Законот предвидува целосна дигитализација на канцеларискoто и архвиското работење во јавниот сектор со што се овозможува целосна дигитализација на јавните услуги и намалувањето на трошоците за издавање документи на хартија, нивно печатење и испраќање по пошта и ќе се скрати и времето на давање услуги.

Напредокот на оваа посебна цел се мери преку показателот - број на трансакции на платформата за Интероперабилност. Според овој показател бројот на трансакции се зголемил од 3.143.418 трансакции од претходната година, на 8.500.920 трансакции што претставува значително зголемување. Овој резултат ќе придонесе работниот процес на службениците да се поедностави, да се минимизираат ризиците од грешки предизвикани од човечки фактор, а особено важно е што граѓаните ќе имаат унифициран електронски начин за идентификација пред надлежните институции.

## 4.2. Посебна цел: Зголемен квалитет и достапност до услугите

**КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**

- **Граѓаните имаат брз и едноставен пристап до 137 електронски услуги кои се достапни директно преку Националниот портал uslugi.gov.mk.**
- **Отворени две нови канцеларии за ЕТУ центрите „Една точка за услуги - ЕТУ“ и тоа во Општина Јегуновце и Општина Аеродром.**
- **Реализиран нов циклус на „Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите“**

МДТ во октомври 2024 година испрати прашалник до сите органи на државна управа, судови и други институции од јавниот сектор, со цел утврдување на најбараните услуги од страна на граѓаните и бизнис секторот. Врз основа на таа листа, ќе се направи анализа на тоа кои регистри се потребни за испорака на најбараните услуги. Во меѓувреме, не постојат пречки за дигитализација на регистрите од страна на институциите.

Развојот на платформа за дигитализација на регистри и игитализација на X регистри со користење на платформата за дигитализација на регистри беше предвидено да се реализира до ноември 2024 година, меѓутоа активностите доцнат со имплементацијата.

Правните препораки за Регистарот на регистри и регистарот на авторизации се изготвени и проследени до МИОА. Сепак, поради значително доцнење со реализацијата на проектот од страна на изведувачот во однос на софтверските решенија, нацрт измените не се влезени во владина постапка.

Еден од клучните резултати во областа дигитализација и дигитализирана јавна администрација се постигнатите задоволувачки резултати во оваа година, односно бројот на зголемени еУслуги на Националниот портал за еУслуги. Имено, на Националниот портал во овој момент има 305 е-услуги достапни за граѓаните и бизнисите од кои 167 се услуги за кои директно се аплицира на порталот, а другите пренасочуваат до интерен систем на институцијата за аплицирање.

Една од најважните приоритетни цели на Владата е континуираното градење на квалитетен сервисен систем на јавни услуги со ефикасна јавна администрација, а се со цел граѓаните да добијат подобри, поевтини и поефикасни услуги. Во таа насока во текот на 2024 година, започнати се активности за подготовка на анализата за мапирање на потребата од воспоставување на нови канцеларии за една точка на услуги ЕТУ центри. Во текот на 2024 Министерството за дигитална трансформација отвори две нови канцеларии за ЕТУ центрите „Една точка за услуги - ЕТУ“ и тоа во Општина Јегуновце и Општина Аеродром. Со тоа бројот на ЕТУ центрите е зголемен на вкупно 7 центри[24].

Во однос на активноста за Анализа на системот за квалитет на услугите од резултатите добиени преку „Земи бројче, договорот за „Надградба, проширување и одржување на интегрирана платформа за редослед на клиенти, Резервирај термин за услуга, Оцени го шалтерскиот службеник и Евиденција на работно време“ завршил на 30.03.2024 и истиот не е обновен.

Во текот на 2024 година бројот на електронски услуги за кои може да се посредува преку ЕТУ центрите е 137 електронски услуги кои се достапни директно преку Националниот портал uslugi.gov.mk. Со тоа имам пораст во однос на 2023 година каде беа достапни 97 услуги преку ЕТУ центрите. Дополнително може да се даде стручна помош и за електронските услуги кои се достапни на посебните портали од институциите. Исто така посредниците преку ЕТУ центрите можат да ги упатат граѓаните да добијат информација за околу 669 услуги, кои не се електронски, а се достапни на Националниот портал uslugi.gov.mk и се од информативен карактер.

Согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги [25]со кој се изменува и дополнува член 10, се дава

[24] Министерството за дигитална трансформација има отворено 7 центри за услуги “ЕТУ„ во Скопје, Куманово, Охрид, Битола, и Тетово, Општина Аеродром и Општина Јегуновце.

[25] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25

правна основа електронските документи издадени преку Националниот портал за електронски услуги (www.uslugi.gov.mk), информационите системи кои го користат системот за единствена најава (СЕН) или други системи кои издаваат електронски документи, да бидат признати како валидни документи. Овие документи можат да се користат во постапки пред други институции од јавниот сектор и приватни правни лица без потреба од дополнителна верификација, со што се олеснува административната работа и се поттикнува употребата на електронските услуги.

Во однос на подобрената пристапност на институциите за лицата со попреченост, возрасни лица, како и лица кои се на ниско ниво на дигитална писменост преку примена на WCAG (Web Content Accessibility Guidelines) стандардот во тек е проект за Унифицирани веб страни на министерствата и Владата каде што истиот ќе биде применет.

**Системот за управување со квалитет** и мерење на задоволството на корисници од услуги на државните органи, односно задоволството на корисниците на услугите, постојаното подобрување на институционалниот капацитет и подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавната администрација, е фактор на кој се осврнува на годишно ниво МЈА преку мерењето кое се врши согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите. Вредноста на показателот, односно процентот на задоволни клиенти од работата на институциите и нивните испорачани услуги за оваа година остана непроменет во однос на минатата извештајна година. Оценката за индекс на квалитет на институциите за 2024 година е 82% на задоволни клиенти од работата на институциите и нивните испорачани услуги.

Во текот на 2024 година се оддржа иницијален состанок на националното **Координативно тело за управување со системот за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето услуги во државната служба**. Координативното тело вклучува раководители од клучните институции одговорни на управување со квалитет и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба кои треба да претставуваат различни области на јавниот сектор (централна власт, локална самоуправа и тн.). На овој начин, Телото ќе допре до сите институции од јавниот сектор хоризонтално и вертикално, ќе гарантира свесност за важноста на управување со квалитет и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба и ќе дистрибуира информации и материјали.

Во рамките на континуираната соработка со ReSPA и EIPA, Министерството за јавна администрација на првата иницијална средба/конференција на Националното координативно тело за управување со квалитет, ReSPA и EIPA ги промовираа аспектите на управување со квалитет во јавниот сектор, презентирајќи ги моделите за негово воспоставување и истакнувајќи ја нивната поддршка преку обезбедување материјали, едукатори, фасилитатори, како и нови и обновени CAF модели. Преку оваа поддршка, МЈА, во соработка со ReSPA, спроведува анализа и евалуација на Законот за воспоставување на системот за управување со квалитет, со цел подобрување на регулативата и унапредување на процесите во јавниот сектор.

МЈА заврши со реализација на нов циклус на „Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите", предвиден во рамки и во Стратегијата за РЈА 2023 – 2030. Имплементацијата на Методологијата за оценка на индекс на квалитетот на работата на институциите овозможува идентификација на институциите кои успешно работат и кои испорачуваат ефективни и ефикасни услуги до корисниците. Истите треба со презентирање на резултатите да се мотивираат за уште поквалитетно работење, како и да се поттикнат институциите со послаби резултати да учат една од друга преку споделување на добрите практики од нивното работење, со цел подобрување на услугите и задоволството на корисниците. Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите од една страна е алатка за следење на напредокот во работата на институциите, а од друга страна е и алатка за нивно континуирано подобрување. Воедно, методологијата овозможува да се промовираат принципите на добро управување преку утврдени области на оценување.

Во мерењето на задоволството од испорака на услугите учествуваа: Инспекторат за животна средина, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Битола, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување Скопје, Централен Регистар на РСМ, Министерство за култура и туризам, Агенција за вработување на РСМ, Министерство за европски прашања, УКИМ Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ), Општина Штип и ЈКП Водовод и канализација Прилеп.

МЈА потребните податоци ги собираше преку дистрибуирани прашалници до номинираните контакт лица во институциите, Анкета за мерење на задоволството на корисниците“ и „Таен клиент“. По добиените резултати, Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет изврши евалуација на институциите преку оценка на пополнетиот прашалник од институцијата, резултатите од спроведената анкета, резултатите од спроведеното истражување „таен клиент“ и го утврди степен на квалитет на работа на институциите. Од спроведеното истражување и користените различните методолошки алатки, Централен Регистар на РСМ покажа највисок степен на квалитет на работењето.

Комисијата го подготви извештајот на оценка на индекс на квалитет на работа на институциите, кој по усвојувањето од страна на ВРСМ ќе биде објавен на веб страната на МЈА, како и на веб страната за управување со квалитет[26] како платформа која нуди информации од оваа област на национално ниво.

МЈА според Методологијата, континуирано секоја година, со нови 10 институции ќе врши мерење на индекс на квалитет на работата на институциите.

Со цел подигање на свеста на граѓаните за еУслуги се одржа еден промотивен настан на кој беше презентиран надградениот портал. Од страна на МДТ се промовираат сите нови услуги, но и услугите кои претходно се развиени (преку социјални мрежи, изјави во медиуми, соопштенија итн).

За стекнување на знаење за националните системи и агилно работење во администрација во септември 2024 поднесена е апликација за ИПА (ЕУИФ) проект во чии рамки се планира развој на ЛМС систем за развој на дигитални вештини.

Напредокот на оваа посебна цел се мери преку показателот Процент на граѓани кои користат електронски услуги (истражување на јавното мислење на Балкан барометар). Овој показател за 2024 година не може да се прикаже од причина што Светска банка сè уште го нема објавено Извештајот за 2024 година.

[26] https://kvalitet.mioa.gov.mk/

# ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АП НА СРЈА ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ 2023 - ДЕКЕМВРИ 2024

Во првиот дел на овој Извештај се дава преглед исклучиво на степенот на реализација на активностите предвидени во овој извештаен период, додека во овој дел се дава целосен приказ на имплементацијата на сите активности предвидени од донесувањето на СРЈА и АП (јули 2023 година) до крајот на овој извештаен период (декември 2024 година), кој е прикажан во графикот подолу, односно о**д вкупно 138 активности** планирани во четирите приоритетни области **целосно се спроведени 15 активности** (реализирани на време 5 активности, а реализирани со доцнење 10 активности), **во тек на спроведување се 63 активности, а доцнат со реализација или не се почнати во предвидениот период 60 активности. За временската рамка за периодот 2023-2024 година степенот на реализација е 56,5%**[27].

## Степен на реализација на Акцискиот план 2023–2026 во период јули 2023 - декември 2024

Вкупен степен на реализација на АП процентуално (2023 - 2024)

| | Реализирани | Реализирани со доцнење | Во тек | Доцнат | Непочнати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПО1 | 2 | 3 | 17 | 24 | 3 | 49 |
| ПО2 | 1 | 0 | 4 | 3 | 2 | 10 |
| ПО3 | 0 | 3 | 18 | 9 | 1 | 31 |
| ПО4 | 2 | 4 | 24 | 16 | 2 | 48 |

## Степен на имплементација на активности од АП на СРЈА (2023 - 2024) процентуално по приоритетни области




[27] Процентот на реализација е пресметан врз основа на целосно реализираните активности и оние кои се во тек на реализација.

## Степен на имплементација на активности од АП на СРЈА (2023 - 2024) по институции носители на активности

| Институција | Реализирани | Реализирани со доцнење | Во тек | Доцнат | Непочнати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за дигитална трансформација | 0 | 4 | 24 | 10 | 1 | 39 |
| Министерство за јавна администрација | 3 | 0 | 16 | 17 | 2 | 38 |
| Генерален секретаријат | 2 | 2 | 6 | 6 | 3 | 19 |
| Министерство за европски прашања | 0 | 1 | 5 | 11 | 0 | 17 |
| Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | 0 | 0 | 4 | 1 | 0 | 5 |
| Државен завод за статистика | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| Инспекциски совет | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 4 |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| Секретаријат за законодавство | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Заменик Претседател на Влада на РСМ | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| Министерство за правда | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Влада на РСМ | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Министерство за финансии | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| **Вкупно по статус** | **5** | **10** | **63** | 52 | **8** | **138** |

# УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИ

Врз основа на анализите направени во текот на имплементацијата на мерките и активностите за извештајниот период од АП на СРЈА, произлегуваат неколку ризици во однос на успешното постигнување на предвидените резултати.

Имено, со усвојувањето на ЗОРОДУ во 2024 година, МИОА се подели на Министерство за јавна администрација (МЈА) и Министерство за дигитална трансформација (МДТ). Оваа промена доведе до значителни предизвици, меѓу кои и намалување на бројот на искусни кадри, што влијаеше на капацитетите на овие министерства.

Целосната имплементација на оваа стратегија бара континуирана политичка поддршка и мониторинг за да се постигнат зададените цели до 2030 година. Имено, иако постои политичка поддршка, законската регулатива насочена кон унапредување на администрацијата не беше донесена од страна на Собранието во текот на извештајниот период.

Дополнително, сè уште постои ризик од недостаток на стручен кадар за спроведување на РЈА, како и недостаток на хоризонтална и вертикална координација во рамките на системот кој го сочинуваат органите на државната управа. Институционалната соработка треба значително да се подобри, особено во поглед на навремено доставување на инпути во ИТ алатката за следење на процесите во СРЈА. Воедно потребна е промена на културата во администрацијата преку промоција на ориентираност кон корисниците и отвореност кон новите технологии.

Со цел да се надминат констатираните ризици се превземаа мерки во насока на законско уредување на стручното усовршување преку воспоставување на посебна Акакдемија за обуки. Континуираната едукација и професионалниот развој на административниот кадар се клучни за подобрување на работната култура и зголемување на ефикасноста во јавната администрација. Со воведување мерки за усовршување, како и оспособување за користење на нови технологии и методологии, ќе се создадат подобри услови за работа и ќе се подигне нивото на услужност кон граѓаните. Овој закон ќе овозможи административните службеници постојано да се усовршуваат и обучуваат, со што ќе се подигне нивната стручност и компетентност во извршувањето на нивните работни задачи. Исто така, со дигитализација на процесите, преку воведување на електронски услуги за граѓаните и бизнисите (е-услуги) ќе се намали бирократијата, а воедно ќе се изврши интеграција на различните системи за подобра размена на податоци меѓу институциите и поедноставување на процедурите во административните процеси.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2024 ГОДИНА

Финансискиот извештај е подготвен врз основа на податоците доставени од институциите вклучени во имплементација на Стратегијата.

Средствата за спроведување на мерките и реализација на активностите предвидени во (АП) на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023 – 2024 изнесуваат 1.324.624.100,00 денари, односно поединечно по области:

- Област 1 - Креирање на политики и координација 66.247.000,00 денари или 5% од вкупно потребните средства;
- Област 2 - Јавна служба и управување со човечки ресурси 91.490.000,00 денари или 6,91% од вкупно потребните средства;
- Област 3 - Одговорност, отчетност и транспарентност 234.514.650,00 денари или 17,7% од вкупно потребните средства, и
- Област 4 - Давање услуги и дигитална трансформација 932.372.450,00 денари или 70,39% од вкупно потребните средства.

Од вкупно потребните средства за реализација на активностите во периодот 2023 – 2024 година, планирано е да се обезбедат следните извори од:

- Буџетот на РСМ износ од 467.709.000,00 денари или 35,31%;
- Фондови и инструменти на Европската унија износ од 456.815.000,00 денари или 34,49% и
- Потенцијална донаторска подршкаи износ од 400.100.100,00 денари или 30,2%.

| Табела: Проценети средства за имплементација на АП за период 2023-2024 по области и извори на финансирање | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **Буџет на РМ** | **ЕУ (ИПА)** | **Други донаторски средства** | **Вкупно** | **% учество** |
| **Област 1** | 51.602.000 | - | 14.645.000 | 66.247.000 | 5,00 |
| **Област 2** | - | 89.465.000 | 2.025.000 | 91.490.000 | 6,91 |
| **Област 3** | 24.456.400 | 154.250.000 | 55.808.250 | 234.514.650 | 17,70 |
| **Област 4** | 391.650.600 | 213.100.000 | 327.621.850 | 932.372.450 | 70,39 |
| **Вкупно** | **467.709.000** | **456.815.000** | **400.100.100** | **1.324.624.100** | **100** |
| **% учество** | 35,31 | 34,49 | 30,20 | 100 | |

## Реализирани/Потрошени средства по години и области на финансирање

За периодот 2023-2024 година за имплементација на Стратегијата за РЈА 2023-2030, потрошени се средства во износ од 35.678.468,00 денари и тоа:

- во 2023 година 28.497.468,00 денари или 79,87%
- во 2024 година 7.181.000,00 денари или 20,13%.

### Поединечно по области:

- Област 1 - Креирање на политики и координација 0,00 денари или 0% од вкупно потрошените средства.
- Област 2 - Јавна служба и управување со човечки ресурси 2.500.000,00 денари или 8,22% од вкупно потрошените средства.
- Област 3 - Одговорност, отчетност и транспарентност 25.130.448,00 денари или 70,44% од вкупно потрошените средства, и
- Област 4 - Давање услуги и дигитална трансформација 7.615.020,00 денари или 21,34% од вкупно потрошените средства.

Вкупно реализираните/потрошени средства во однос на вкупно проценетите средства за периодот 2023-2024 година во износ од 1.324.624.100 денари изнесуваат 2,69%.

**Табела: Реализирани/потрошени средства за имплементација на АП 2023-2024 по години и области** (во денари)

| Област | Реализирани/потрошени | | Вкупно потрошени | Вкупно проценети 2023-2024 | % реализирано | % реализирано/ вкупно проценето |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | | | | |
| **Област 1** | - | - | - | 66.247.000 | - | - |
| **Област 2** | 2.500.000 | 433.000 | 2.933.000 | 91.490.000 | 8,22 | 0,22 |
| **Област 3** | 25.130.448 | - | 25.130.448 | 234.514.650 | 70,44 | 1,90 |
| **Област 4** | 867.020 | 6.748.000 | 7.615.020 | 932.372.450 | 21,34 | 0,57 |
| **Вкупно** | **28.497.468** | **7.181.000** | **35.678.468** | **1.324.624.100** | **100,00** | **2,69** |
| **% по години** | 79,87 | 20,13 | 100,00 | | | |

**Реализирани/потрошени средства 2023-2024**



### Реализирани/Потрошени средства по области и извори на финансирање

Имлементацијата на АП 2023-2024 година во најголем дел е реализирана со Други донаторски средства, останатиот дел е реализиран преку Буџетски средства и тоа:

- Буџетските средства учествуваат во износ од 10.115.020,00 денари или со 28,35%, од вкупно проценетите средства.
- ЕУ (ИПА) средствата учествуваат во износ од 0,00 денари 0%.
- Донаторски средства учествуваат во износ од 25.563.448,00 денари 71,65%, од вкупно проценетите средства.

| Табела: Реализирани/потрошени средства за имплементација на АП 2023-2024 по области и извори на финансирање | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **Буџет на РМ** | **ЕУ (ИПА)** | **Други донаторски средства** | **Вкупно** | **% учество** |
| **Област 1** | - | - | - | - | - |
| **Област 2** | 2.500.000 | - | 433.000 | 2.933.000 | 8,22 |
| **Област 3** | - | - | 25.130.448 | 25.130.448 | 70,44 |
| **Област 4** | 7.615.020 | - | - | 7.615.020 | 21,34 |
| **Вкупно** | **10.115.020** | **-** | **25.563.448** | **35.678.468** | **100** |
| **% учество** | 28,35 | 28,35 | 71,65 | 100 | |

**Реализирани/потрошени средства 2023-2024 по области и извори на финансирање**



### Реализирани/Потрошени средства од Буџетот по години и области

За периодот 2023-2024 година од Буџетот на РСМ потрошени се средства во вкупен износ од 10.512.520,00 денари и тоа:

- во 2023 година 3.367.020,00 денари или 33,29%
- во 2024 година 6.748.000,00 денари или 66,71%.

Од Буџетот за 2023 година потрошени се средства во вкупен износ од 3.367.020,00 денари и тоа: за Приоритетна област 1 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 2 износ од 2.500.000,00 денари или 24,72%, иако за 2023 година не се проценети/планирани средства; за Приоритетна област 3 износ од 0,00 денари или 0%; и за Приоритетна област 4 износ од 867.020,00 денари или 75,28%.

Од Буџетот за 2024 година потрошени се 6.748.000,00 ден и тоа за: Приоритетна област 1 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 2 износ од 0,00 денари или 0%, за Приоритетна област 3 износ од 0,00 денари или 0%; и за Приоритетна област 4 износ од 6.748.000,00 денари или 66,71%.

Во однос на вкупно проценетите средства во износ од 467.709.000,00 денари за периодот 2023-2024 година потрошените средства од Буџетот се 2,16 % и тоа:

- во Област 1 учество 0%;
- во Област 2 учество 0,53%;
- во Област 3 учество 0%;
- во Област 4 учество 1,63%.

| Табела: Реализирани/потрошени средства од Буџетот по години и области | | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Област | Реализирани/потрошени | | Вкупно потрошени | Вкупно проценети 2023-2024 | % реализирано | % реализирано/ вкупно проценето |
| | 2023 | 2024 | | | | |
| **Област 1** | - | - | - | 51.602.000 | - | - |
| **Област 2** | 2.500.000 | - | 2.500.000 | - | 24,72 | 0,53 |
| **Област 3** | - | - | - | 24.456.400 | - | - |
| **Област 4** | 867.020 | 6.748.000 | 7.615.020 | 391.650.600 | 75,28 | 1,63 |
| **Вкупно** | **3.367.020** | **6.748.000** | **10.115.020** | **467.709.000** | **100,00** | **2,16** |
| **% по години** | 33,29 | 66,71 | 100,00 | | | |

**Реализирани/потрошени средства од Буџетот на РМ 2023-2024**



**Реализирани/Потрошени средства од ЕУ-ИПА фондови по години и области**

Вкупните средства потрошени од ЕУ (ИПА) фондови во периодот 2023- 2024 година се во износ од 0,00 денари или 0%.

Во однос на проценентите/планирани средства во вкупен износ од 456.815.000,00 денари реализацијата е 0%.

| Табела: Реализирани/потрошени средства од ЕУ-ИПА по години и области | | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Област | Реализирани/потрошени | | Вкупно потрошени | Вкупно проценети 2023-2024 | % реализирано | % реализирано/ вкупно проценето |
| | 2023 | 2024 | | | | |
| **Област 1** | - | - | - | - | - | - |
| **Област 2** | - | - | - | 89.465.000 | - | - |
| **Област 3** | - | - | - | 154.250.000 | - | - |
| **Област 4** | - | - | - | 213.100.000 | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** | **-** | **456.815.000** | **-** | **-** |

**Реализирани/потрошени средства од ЕУ (ИПА) по години и области**




## Реализирани/Потрошени средства од Донаторски средства по години и области

За периодот 2023-2024 година од Донаторски средства потрошено е вкупен износ од 25.130.448,00 денари и тоа:

- во 2023 година 25.130.448,00 денари или 98,31%
- во 2024 година 433.000,00 денари или 1,69%.

Во однос на вкупно проценетите средства за периодот 2023-2024 година во износ од 400.100.100,00 денари потрошените Донаторски средства се 6,39 % и тоа:

- во Област 1 потрошени се 0,00 денари (0%);
- во Област 2 потрошени се 433.000.00 денари (0,11%);
- во Област 3 потрошени се 25.130.448,00 денари (6,28%);
- во Област 4 потрошени 0,00 денари (0%).

| Табела: Реализирани/потрошени средства од Донаторски средства по години и области | | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Област | Реализирани/потрошени | | Вкупно потрошени | Вкупно проценети 2023-2024 | % реализирано | % реализирано/ вкупно проценето |
| | 2023 | 2024 | | | | |
| **Област 1** | - | - | - | 14.645.000 | - | - |
| **Област 2** | - | 433.000 | 433.000 | 2.025.000 | 1,69 | 0,11 |
| **Област 3** | 25.130.448 | - | 25.130.448 | 55.808.250 | 98,31 | 6,28 |
| **Област 4** | - | - | - | 327.621.850 | - | - |
| **Вкупно** | **25.130.448** | **433.000** | **25.563.448** | **400.100.100** | **100,00** | **6,39** |
| **% по години** | 98,31 | 1,69 | 100,00 | | | |

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЈА (2023-2030) ЗА 2024 ГОДИНА

Финансискиот извештај е подготвен врз основа на податоците доставени од институциите вклучени во имплементација на Стратегијата.

Средствата за спроведување на мерките и реализација на активностите предвидени во (АП) на Стратегијата за реформа на јавната администрација за 2024 година  изнесуваат 829.563.200,00 денари односно поединечно по области:

- Област 1 - Креирање на политики и координација 27.295.000,00 денари или 3,29% од вкупно потребните средства.
- Област 2 - Јавна служба и управување со човечки ресурси 26.705.000,00 денари или 3,22% од вкупно потребните средства.
- Област 3 - Одговорност, отчетност и транспарентност 192.792.900,00 денари или 23,24% од вкупно потребните средства, и
- Област 4 - Давање услуги и дигитална трансформација 582.770.300,00 денари или 70,25% од вкупно потребните средства.

Од вкупно потребните средства за реализација на активностите за  2024 година, планирано е:

- 314.112.400,00 денари или 37,86% да се обезбедат од Буџетот на РСМ;
- 299.480.000,00 денари или 36,10% да се обезбедат преку фондови и инструменти на Европската унија;
- 215.970.800,00 денари или 26,03% од потенцијална донаторска подршка.

| Табела: Проценети средства за имплементација на АП по области и извори на финансирање за 2024 година | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| Област | Буџет на РМ | ЕУ (ИПА) | Други донаторски средства | Вкупно | % учество |
| **Област 1** | 19.221.000 | - | 8.074.000 | 27.295.000 | 3,29 |
| **Област 2** | - | 24.680.000 | 2.025.000 | 26.705.000 | 3,22 |
| **Област 3** | 11.156.400 | 154.250.000 | 27.386.500 | 192.792.900 | 23,24 |
| **Област 4** | 283.735.000 | 120.550.000 | 178.485.300 | 582.770.300 | 70,25 |
| **Вкупно** | **314.112.400** | **299.480.000** | **215.970.800** | **829.563.200** | **100** |
| **% учество** | 37,86 | 36,10 | 26,03 | 100 | |

**Проценети средства за имплементација на АП по области и извори на финансирање за 2024 година**




### Реализирани и Проценети средства по области

За периодот 2024 година за имплементација на Стратегијата за РЈА 2023-2030, потрошени се средства во износ од 7.181.000,00 денари, односно поединечно по области:

- Област 1 - Креирање на политики и координација 0,00 денари или 0% од вкупно потрошените средства.
- Област 2 - Јавна служба и управување со човечки ресурси 433.000,00 денари или 1,62 % од вкупно потрошените средства.
- Област 3 - Одговорност, отчетност и транспарентност 0,00 денари или 0% од вкупно потрошените средства, и
- Област 4 - Давање услуги и дигитална трансформација 6.748.000,00 денари или 93,97% од вкупно потрошените средства и 1,16 % во однос на проценетите средства.

Вкупно потрошените средства во однос на вкупно проценетите средства во износ од 829.563.200,00 денари за 2024 година изнесуваат 0,87%.

| Табела: Реализирани и проценети средства за 2024 година | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|
| **Област** | **Реализирани/ потрошени 2024** | **Проценето 2024** | **% реализирано** | **% реализирано/ проценето** |
| **Област 1** | - | 27.295.000 | - | - |
| **Област 2** | 433.000 | 26.705.000 | 6,03 | 1,62 |
| **Област 3** | - | 192.792.900 | - | - |
| **Област 4** | 6.748.000 | 582.770.300 | 93,97 | 1,16 |
| **Вкупно** | **7.181.000** | **829.563.200** | **100,00** | **0,87** |

## Реализирани/Потрошени средства по извори на финансирање

Имлементацијата на АП за 2024 година е реализирана само со буџетски средства во износ од 6.748.000,00 денари (100%). Останатиот дел преку ЕУ (ИПА) фондови како и од донаторска подршка, не е реализиран.

- Буџетски средства учествуваат во износ од 6.748.000,00 денари или со 100,00%, односно по приоритети: Приоритетна област 1 во износ од 0,00 денари или 0%, Приоритетна област 2 во износ од 0,00 денари или 0%, Приоритетна област 3 во износ од 0,00 денари или 0% и Приоритетна област 4 во износ од 6.748.000,00 денари или 93,97%;

- ЕУ (ИПА) средства учествуваат во износ од 0,00 денари 0%, односно по приоритети: Приоритетна област 1 во износ од 0,00 денари или 0%, Приоритетна област 2 во износ од 0,00 денари или 0%, Приоритетна област 3 во износ од 0,00 денари или 0% и Приоритетна област 4 во износ од 0,00 денари или 0%;

- Донаторски средства учествуваат во износ од 0,00 денари 0%, односно по приоритети: Приоритетна област 1 во износ од 0,00 денари или 0%, Приоритетна област 2 во износ од 433.000,00 денари или 6,03%, Приоритетна област 3 во износ од 0,00 денари или 0% и Приоритетна област 4 во износ од 0,00 денари или 0%.

| Табела: Реализирани/потрошени средства по области и извори на финансирање за 2024 година | | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| Област | Буџет на РМ | ЕУ (ИПА) | Други донаторски средства | Вкупно | % учество |
| **Област 1** | - | - | - | - | - |
| **Област 2** | - | - | 433.000 | 433.000 | 6,03 |
| **Област 3** | - | - | - | - | - |
| **Област 4** | 6.748.000 | - | - | 6.748.000 | 93,97 |
| **Вкупно** | **6.748.000** | **-** | **433.000** | **7.181.000** | **100** |
| **% учество** | 93,97 | 0,00 | 6,03 | 100 | |

**Реализирани/потрошени средства од Донаторски средства 2024 година**



## Потрошени средства од Буџетот по области

Од Буџетот за 2024 година потрошени се средства во вкупен износ од 6.748.000,00 денари и тоа: за Приоритетна област 1 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 2 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 3 износ од 0,00 денари или 0%; и за Приоритетна област 4 износ од 6.748.000,00 денари или 100% и 2,38 % во однос на проценетите средства за 2024 година.

Вкупно потрошените средства во однос на вкупно проценетите средства во износ од 314.112.400,00 денари за 2024 година изнесуваат 2,15 %.

| Табела: Реализирани и проценети средства од Буџетот по области за 2024 година | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|
| Област | Реализирани/ потрошени 2024 | Проценето 2024 | % реализирано | % реализирано/ проценето |
| **Област 1** | - | 19.221.000 | - | - |
| **Област 2** | - | - | - | - |
| **Област 3** | - | 11.156.400 | - | - |
| **Област 4** | 6.748.000 | 283.735.000 | 100,00 | 2,38 |
| **Вкупно** | **6.748.000** | **314.112.400** | **100,00** | **2,15** |

### Реализирани и проценети средства од Буџетот по области за 2024 година



## Потрошени средства од ЕУ-ИПА фондови по области

Вкупните средства потрошени од ЕУ (ИПА) фондови во 2024 година се во износ од 0,00 денари или 0%.

По области потрошени се средства во вкупен износ од 0,00 денари и тоа: за Приоритетна област 1 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 2 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 3 износ од 0,00 денари или 0%; и за Приоритетна област 4 износ од 0,00 денари или 0%.

Вкупно потрошените средства во однос на вкупно проценетите средства во износ од 299.480.000,00 денари за 2024 година изнесуваат 0%.

| Табела: Реализирани и проценети средства од ЕУ-ИПА фондови по области за 2024 година | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|
| Област | Реализирани/потрошени 2024 | Проценето 2024 | % реализирано | % реализирано/проценето |
| **Област 1** | - | - | - | - |
| **Област 2** | - | 24.680.000 | - | - |
| **Област 3** | - | 154.250.000 | - | - |
| **Област 4** | - | 120.550.000 | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **299.480.000** | **-** | **-** |

### Реализирани и проценети средства од ЕУ-ИПА фондови по области за 2024 година



## Потрошени средства од донаторски средства по области

Вкупните средства потрошени од други донатори во 2024 година се во износ од 433,000,00 денари или 100,00%.

По области потрошени се средства во вкупен износ од 0,00 денари и тоа: за Приоритетна област 1 износ од 0,00 денари или 0%; за Приоритетна област 2 износ од 433.000,00 денари или 100%; за Приоритетна област 3 износ од 0,00 денари или 0%; и за Приоритетна област 4 износ од 0,00 денари или 0%.

Вкупно потрошените средства во однос на вкупно проценетите средства во износ од 215.970.800,00 денари за 2024 година изнесуваат 0,20%.

| Табела: Реализирани и проценети средства од донаторски средства по области за 2024 година | | | | во денари |
|---|---|---|---|---|
| Област | Реализирани/ потрошени 2024 | Проценето 2024 | % реализирано | % реализирано/ проценето |
| **Област 1** | - | 8.074.000 | - | - |
| **Област 2** | 433.000 | 2.025.000 | 100,00 | 21,38 |
| **Област 3** | - | 27.386.500 | - | - |
| **Област 4** | - | 178.485.300 | - | - |
| **Вкупно** | **433.000** | **215.970.800** | **100,00** | **0,20** |

**Реализирани и проценети средства од донаторски средства по области за 2024 година**



# КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Иако МЈА нема посебна комуникациска стратегија исклучиво наменета за реформата на јавната администрација, во текот на извештајниот период континуирано се спроведуваа комуникациски активности за информирање на јавноста и вработените во администрацијата за процесот на реформата на јавната администрација. Со цел зголемување на транспарентноста на работата на извршната власт, а особено во контекст на овозможување соодветно следење на реформата на јавната администрација, МЈА продолжи и во текот на 2024 година да ги објавува и ажурира информациите за процесот на РЈА на **посебниот дел од веб-страницата на министерството наменето за реформата на јавната администрација**[28]. Со воспоставување на оваа посебна секција за РЈА, се овозможува на јавноста на едно место да ги има сите документи поврзани со Стратегијата за РЈА. Имено, достапни се сите документи кои произлегуваат од подготовката на СРЈА 2023-2030. Исто така, достапни се дневните редови, записниците и заклучоците од состаноците на Секретаријатот за РЈА и Советот за РЈА.

## Комуникација со јавноста

Комуникациските активности за информирање на јавноста за реформите во јавната администрација и во текот на 2024 година се спроведуваа преку социјалните медиуми, но и преку прес-конференции и јавни настани и дискусии. Сите информации редовно се објавуваа на веб-страницата на МЈА во секцијата **Соопштенија**[29]**.** На посебните профили на МЈА на социјалнате мрежа Facebook се споделуваат информациите со преку 1000 следбеници.

Во **јули** Министерството за јавна администрација согласно законските надлежности, ги повлече од Собраниска процедура предлог Законот за административни службеници, предлог Законот за вработени во јавниот сектор и предлог Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници поднесени од претходната Влада. На прес конференција за медиумите[30], министерот наведе дека оваа обврска е согласно донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со која впрочем и е формирано МЈА. Најави отварање на широка дебата за овие закони, со цел сите заинтересирани и засегнати страни, граѓански организации, институции, синдикати, меѓународни организации, преставници на СИГМА и Европската комисија, експертската јавност и опозицијата во државата да дадат свој придонес и свое мислење. Истакна дека новата законска рамка треба да го подобри управувањето со човечките ресурси во администрацијата и да обезбеди вработување и унапредувања засновани на заслуги. Едновремено, Ја извести јавноста дека предлог законите се веќе објавени на единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) каде сите граѓани, здруженија и останати засегнати страни можат да дадат предлози, сугестии и мислења по однос на предлозите и го најави процесот на консултации преку организирање на кампања под мотото: „СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА И КВАЛИТЕТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА “.

Истиот месец, во партнерство со Центарот за управување со промени (ЦУП), и со поддршка на Британската амбасада и неговата екселенција, Амбасадорот Метју Лосон, и НЕТ фондот, Министерот за јавна администрација, активно се вклучи во првата јавна дискусија, која го означи почетокот на кампањата "СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА И КВАЛИТЕТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА", фоку-

[28] Види https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/2103

[29] Види https://www.mioa.gov.mk/view-press-rls-all429.nspx

[30] https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/pres-konferencija-na-ministerot-za-javna-administracija--konferenca-per-shtypin-e-ministrit-te-administrates-publike.nspx

сирана на тема „Визијата и заложбите за добро владеење и реформите во јавната администрација."[31] Дискусијата ги собра владините претставници, експертите, синдикатите, невладините организации и јавноста за да истражат стратегии за зајакнување на транспарентноста, ефикасноста и одговорноста во јавната администрација.

Министерот ја истакна важноста на реформите и посветеноста на спроведувањето на политиките кои поттикнуваат поодговорен и поефективен јавен сектор. Тој ги наведе клучните приоритети, вклучително и усвојувањето на нови технологии, рационализацијата на административните процеси и зајакнувањето на ангажманот на граѓаните и ја истакна својата посветеност да обезбеди јавната администрација да се развива за да ги задоволи потребите и очекувањата на граѓаните на нашата држава.





[31] https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-za-javna-administracija-goran-mincev-go-oznaci-pocetokot-na-kampanata-site-zaedno-za-profesionalna-i-kvalitetna-javna-administracija%E2%80%9D.nspx

Во **јули** исто така, на прес-конференција за медиумите[32], Министерот за јавна администрација, ја извести јавноста дека новоформираното Министерството за јавна администрација, согласно законските надлежности го продолжува процесот на усогласување и одобрување на годишните планови за вработување на институциите во јавниот сектор, согласно извршените промени во дигиталната алатка балансер во однос на процентите, а во корелација со податоците од последниот спроведен попис на населението на територијата на Република Северна Македонија во 2021 година. Измената на процентите на балансер алатката исклучиво се направени согласно Законот за вработените во јавниот сектор кои претходно не бил испочитуван. Тоа значи дека во пресметката на балансерот како дел од годишните планови за вработување во јавниот сектор, ќе биде вклучено само бројот на резидентното население во државата, а нерезидентно население е исклучено од пресметката на балансерот.

Во **август** Министерство за јавна администрација и ЗЕЛС одржаа успешна дискусија за законските реформи во јавната администрација во рамките на кампањата “СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА И КВАЛИТЕТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА”.[33] На настанот присуствуваа претставници од локалните власти и преставници од министерството за јавна администрација, кои заеднички дискутираа за предизвиците и можностите во унапредувањето на предлог законските решенија за администрацијата во Република Северна Македонија. На настанот се обратија Министерот за јавна администрација, Горан Минчев, Министерот за локална самоуправа, Златко Перински и Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски. Настанот резултираше со препораки кои ќе бидат основа за понатамошни активности и предлози за законските измени на предлог Законот за административни службеници, предлог Законот за вработени во јавниот сектор и предлог Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници насочени кон јакнење на капацитетите на јавната администрација, со цел подобрување на услугите кон граѓаните.




32 https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/pres-na-ministerot-za-javna-administracija.nspx

33 https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerstvo-za-javna-administracija-i-zels-odrzaa-uspesna-diskusija-za-zakonskite-reformi-vo-javnata-administracija-vo-ramkite-na-kampanata-site-zaedno-za-profesionalna-i-kvalitetna-javna-administracija%E2%80%9D.nspx

Во **октомври**, Министерот за јавна администрација, учествуваше на првата трибина во рамките на Платформата “100% Посветено за тебе”, одржана во Медија центарот на Владата. На настанот присуствуваше и Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор за реформа во јавната администрација. Министерот ја истакна важноста на новото министерство во реформите на јавната администрација, нагласувајќи посветеност на зголемување на ефикасноста и транспарентноста на истата. Тој ги презентираше новите иницијативи, вклучувајќи системски и ефективни закони, систем заснован на заслуги и формирање на Академија за обука на јавната администрација. На трибината присуствуваа и високи претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Управата за јавни приходи и Царинската управа, што дополнително ја потврди важноста на соработката меѓу различните институции во напорите за подобрување на јавниот сектор.[34]



Во **октомври** исто така на прес конференција за јавноста[35] по повод првите 100 дена од новата Влада, министерот наведе Министерството за јавна администрација на Република Македонија започна процес со кој го означи почетокот на реформите во јавната администрација, процес кој има за цел да ја подобри ефикасноста, транспарентноста и професионалноста на јавната администрација, и да ја зголеми довербата на граѓаните во институциите. Презентираше преглед на клучните активности и иницијативи кои Министерството за јавна администрација ги презеде во овие 100 дена, во однос на Реформа на службите и законодавството, зголемување на транспарентноста, методологијата за пресметка на правична застапеност на етнички заедници (Балансер), формирање на Академија за административни службеници, Регулирање на Националното координативно тело за управување со квалитет и стекнатиот CAF сертификат за ефективен CAF корисник.

[34] https://mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-za-javna-administracija-goran-mincev-na-prvata-tribina-od-platformata-100-posveteno-za-tebe.nspx

[35] https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/pres-konferencija-na-ministerot-za-javna-administracija-goran-mincev---100-dena-vlada-100-posvetenost.nspx



Истиот месец Министерството за јавна администрација организираше јавна расправа во рамките на кампањата „СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА И КВАЛИТЕТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА“,[36] која се одржа во Законодавниот дом на Република Македонија, на местото кое е клучно за донесување на законодавните решенија, во организација со собраниската Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците, а под покровителство на Националниот Демократски Институт (НДИ).

На настанот, учесниците, меѓу кои членовите на Комисијата, останати пратеници, претставници од академската и експертската заедница, од домашни и меѓународни невладини организации, граѓански здруженија и други институции кои ги засегаат овие закони, имаа можност да дискутираат за клучните предлог-закони, кои се стремат да го подобрат функционирањето на јавната администрација. Министерот за јавна администрација, во својот говор ја истакна посветеноста на Владата за градење на ефикасна, транспарентна и фокусирана на граѓаните администрација.



[36] https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/javna-diskusija-na-ministerstvoto-za-javna-administracija-vo-zakonodavniot-dom-na-republika-makedonija-kraj-na-prvata-kampanata-za-pocetok-na-reformite-vo-javnata-administracija.nspx

Во **ноември**, во организација на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, се одржа Регионален состанок на регионалната платформа за реформа на јавна администрација WeBER[37], на кој учествуваше Заменикот министер за јавна администрација Лазе Јаќимоски. Експерти, владини претставници и претставници од граѓанските организации од Западен Балкан дискутираа за последните трендови во реформата на јавната администрација во ЕУ и на Западниот Балкан. Во своето обраќање на овој значаен настан за нашата држава и за целиот регион на Западен Балкан, Заменикот министер за јавна администрација Лазе Јаќимоски, ја истакна улогата на реформата на јавната администрација како камен-темелник за нашите аспирации за членство во Европската унија. Во своето обраќање заменикот министер ја истакна улогата на реформата на јавната администрација како камен-темелник за нашите аспирации за членство во Европската унија.




Во **ноември** исто така Министерството за јавна администрација на Република Македонија одржа состанокот на Секторската работна група за реформа на јавната администрација[38], на кој се разгледаа досегашните постигнувања и идните чекори за модернизирање на администрацијата како дел од европските интеграциски процеси на земјата. Министерот за јавна администрација, истакна дека реформата на јавната администрација е еден од клучните приоритети на Владата, неопходен за остварување на транспарентност, ефикасност и одговорност на институциите. Во своето обраќање, тој нагласи дека реформите не се само административни мерки, туку реални чекори за подобрување на услугите кои администрацијата ги обезбедува за граѓаните и за бизнис заедницата. На состанокот, Министерот се осврна на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030, која има цел да создаде деполитизирана и професионална администрација што ќе одговори на потребите на граѓаните и ќе овозможи стабилност и доверба во институциите. Тој го истакна усвојувањето на Националниот план за управување со квалитет за периодот 2023-2026, како и напредокот во изготвувањето на новите законски решенија кои обезбедуваат правна основа за поефикасно функционирање на администрацијата. На состанокот присуствуваа претставници на Европската делегација, јавниот, приватниот и невладиниот сектор, при што шефот за соработка во Делегацијата на ЕУ, Штефан Худолин, ја потенцираше важноста на поддршката што Европската унија ја дава на Република Македонија во овој процес.

---

37 https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/zamenikot-minister-za-javna-administracija-laze-jakimoski-ucestvuvase-na-regionalniot-sostanok-na-regionalnata-platforma-za-reforma-na-javna-administracija-weber.nspx

38 https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/realiziran-sostanok-na-sektorskata-rabotna-grupa-za-reforma-na-javnata-administracija.nspx





Истиот месец, министерот се обрати на иницијалниот состанок на Координативното тело за управување со квалитет[39], каде што учествуваа претставници од SIGMA, Европскиот институт за јавна администрација (EIPA), Регионалното училиште за јавна администрација (РЕСПА), како и членови на Координативното тело. Во своето обраќање, министерот ја истакна важноста на управувањето со квалитет како темел за современа, ефикасна и одговорна јавна администрација. Тој нагласи дека воведувањето на системите за управување со квалитет, како што се CAF и ISSO, отвора нови можности за јакнење на институционалните капацитети, поставување јасни цели и визии, како и за подобрување на услугите за граѓаните и бизнисите. Министерот, исто така, ја изрази својата загриженост за ниската реализација на активностите предвидени во Националниот план за 2023-2025 и Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030. Тој ги повика членовите на Координативното тело на сериозен пристап и активно учество во нивната имплементација.Состанокот беше оценет како важен чекор во поставувањето на основата за ново поглавје во управувањето со квалитет во јавниот сектор на РСМ.

[39] https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/mincev-upravuvaneto-so-kvalitet-e-klucno-za-moderna-i-odgovorna-javna-administracija.nspx

Во **декември**, министерот за јавна администрација, се обрати на третата седница на Советот за координација и следење на процесот на Партнерство за отворена власт за периодот 2024-2026 година[40]. Во своето обраќање, министерот ја истакна важноста на Партнерството за отворена власт како стратешка иницијатива за модернизација на јавната администрација и за обезбедување поефикасна, транспарентна и отчетна влада, која е во служба на граѓаните. Во текот на обраќањето, министерот истакна дека Министерството за јавна администрација, како водечка институција во оваа иницијатива, ќе продолжи да ги обезбедува сите потребни ресурси и координација за успешна имплементација на заложбите од Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година и ја нагласи важноста на иновациите и креативноста во креирањето на нови идеи за идните планови, посочувајќи дека секој придонес од членовите на Советот е клучен за развојот на политики кои ќе бидат транспарентни, инклузивни и одговорни.



Во **декември** исто така Министерот за јавна администрација на прес конференција[41] ги презентираше клучните реформи и предлог законските решенија кои ќе значат пресвртница во управувањето со јавниот сектор. Министерот истакна дека новите закони – Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, и Законот за инспекциски надзор – претставуваат темел за департизација, професионализација и зголемување на ефикасноста на јавната администрација. Во своето излагање, министерот истакна дека овие законски решенија се резултат на транспарентен и инклузивен процес, со вклучување на експерти, граѓански здруженија, синдикати, академската заедница, ЗЕЛС и меѓународни партнери, преку јавни дебати и консултации. Министерството се залага за: департизација на јавната администрација, со цел вработувањата да бидат базирани на заслуги и компетенции; транспарентни процедури за вработување, со јавно достапни огласи и фер процес на селекција; континуирана обука и развој, преку нова Академија за администрација; рационализација и заштеда на буџетски средства, преку реорганизација на инспекциските органи; објективно следење на учинокот и унапредување на административните службеници. Наведе дека една од клучните промени е и префрлањето на Агенцијата за администрација под надлежност на Министерството, што ќе обезбеди поголема координација и отчетност. Како дел од реформите, се најави и усогласување на платите на административните службеници со Општиот колективен договор, што ќе доведе до просечно зголемување од 8% од 1 март 2025 година.

[40] https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/ministerot-za-javna-administracija-goran-mincev-so-pozdravno-obrakane-na-tretata-sednica-na-sovetot-za-koordinacija-i-sledene-na-procesot-na-partnerstvo-za-otvorena-vlast-2024-2026.nspx

[41] https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/pres-konferencija-na-ministerot-goran-mincev-%E2%80%93-prezentacija-na-klucni-reformi-vo-javnata-administracija.nspx



Истиот месец на состанок на специјалната група за реформа на јавната администрација посветен на европските интеграции и административните реформи[42] министерот за јавна администрација ја истакна важноста на реформите во јавната администрација.  Министерот упати благодарност до Европската Унија, СИГМА, РеСПА, и останатите партнери за нивната континуирана поддршка и посветеност, нагласувајќи ја клучната улога на јавната администрација како столб на модерното општество и важен фактор за подготовката на Република Македонија за членство во Европската Унија и информираше за клучните активности на Министерството за јавна администрација, кои се насочени кон реализација на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023–2030, Планот за раст и Патоказот за реформи.



[42] https://www.mioa.gov.mk/mk-MK/news/mincev-reformite-vo-javnata-administracija-se-klucni-za-nasata-evropska-idnina.nspx

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**